**Република Македонија**

**Министерство за информатичко општество и администрација**

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ НА РАБОТНАТА ГРУПА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО 2014-2016 ГОДИНА СО ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА САМООЦЕНУВАЊЕ

**Скопје, август 2016 година**

## 1. Вовед и историјат

**Република Македонија пристапи кон глобалната Инцијатива за Отворено владино партнерство во 2011 година. Согласно обврските за сите земји кои се приклучија кон оваа инцијатива да достават Акциски планови за спроведување на мерките од Инцијативата, Владата на Република Македонија на 01.06.2012 година го усвои првиот Акциски план за Отворено владино партнерство. Врз основа на насоките и обврските веќе во 2013 година беше подготвен Извештај за спроведување на акцискиот план кој заедно со препораките од независниот мониторинг механизам преставуваа основа за подготовка на Вториот Акциски план за Отворено владино партнерство за 2014-2016 година кој на 20.05.2014 година беше усвоен од страна на Владата на Република Македонија.**
**Вториот Акциски план за Отворено владино партнерство за 2014-2016 година беше фокусиран на 6 приоритетни заложби и тоа: партиципативно креирање на политики, отворени податоци, слобода на информации, спречување на корупцијата и промовирање на доброто владеење, ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност) и отвореност на локално ниво.**

**Во изминатите неколку години Република Македонија постигна напредок во областите кои придонесуваат кон остварување на основните принципи на Отвореното владино партнерство. Беа развиени голем број активности за подобрување на ефикасноста во работењето на државните институции, зголемување на транспарентноста и пристапот до информации, борбата против корупцијата и обезбедување на висок квалитет на јавните услуги за граѓаните и бизнисите преку искористување на моќта на технологијата и иновациите.**

## 2. Процес на национален акциски план

**Министерството за информатичко општество и администрација врз база на добиените материјали од носечките институции на поединечните мерки во септември 2013 година изготви Извештај за спроведување на Акцискиот план 2012-2014 година за кој се спроведе навремена консултација (на порталот е-демократија и со директна покана за коментирање испратена до сите ИКТ комори, граѓани и невладини организации кои учествуваа во дотогашните активности на Акцискиот план за Отворено владино партнерство). Врз основа на Извештајот за спроведување на Акцискиот план 2012-2014 година и**

препораките на независниот мониторинг механизам во декември 2013 година се пристапи кон подготовка на Акциски план за Отворено владино партнерство за 2014-2016 година.

Во рана фаза беше дефинирано дека при подготовка на новиот план е неопходно активно вклучување на сите институции во дефинирање на приоритетите согласно Инцијативата за Отворено владино партнерство, имплементација на тие мерки и нивно следење од страна на самите институции, формирање на работна група со номинирани претставници од самите институции кои ќе бидат контакт лица како носители на поединечните мерки со цел да се покаже целосен координиран пристап кон спроведување на мерките од Инцијативата за Отворено владино партнерство на ниво на сите институции а Министерството за информатичко општество и администрација и натаму да го координира процесот на мониторинг на имплементација на акцискиот план, да доставува редовни извештаи на меѓународно ниво и да обезбеди широк и јавен консултациски процес согласно насоките за сите земји членки на оваа глобална иницијатива. Оттука, Министерството за информатичко општество и администрација го започна координативниот процес на создавање на новиот Акциски план за 2014-2016 година со номинирани претставници од сите институции носители на поединечни мерки како и претставници на граѓанското општество, согласно барањето и насоките од меѓународните правила на глобалната инцијатива за Отворено владино партнерство.

## Консултации во процесот на подготовка на акцискиот план

Согласно утврдената временска рамка, консултацискиот процес за подготовка на Акцискиот план за Отворено владино партнерство за 2014-2016 година траеше два месеци и беше спроведен на порталот е-демократија каде беа објавени сите предлози добиени од институциите и граѓанскиот сектор. Исто така, беа одржани состаноци со претставници од институциите и граѓанскиот сектор за секој приоритет поединечно, а воедно, беа одржани два јавни состаноци од кои вториот и во форма на работилница каде секоја работна група ги дефинираше мерките по одредените приоритети. Како резултат од овој широк консултативен процес со сите релевантни државни органи, преку 40 граѓански асоцијации и претставништва на меѓународните организации и амбасади во Република Македонија, се подготви вториот Акциски план за Отворено владино парнетово за 2014-2016 година а Владата на Република Македонија истиот го усвои на 20.05.2014 година и по што беше објавен на порталот е-демокртија. По усвојувањето, Министерството за информатичко општество и администрација во јуни 2014 година Акцискиот план го достави

**на англиски јазик до интернационалата на Отвореното владино партнерство во Вашингтон и објавен е на opengovparnetrship.org.**

**Консултации во процесот на имплементација на акцискиот план**

**За имплементација на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014-2016 година беше формирана работна група со сите чинители за поединечните приоритетни области: партиципативно креирање на политики, отворени податоци, слобода на информации, спречување на корупцијата и промовирање на доброто владеење, ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност) и отвореност на локално ниво. Секоја работна група има координатор, заменик координатор и членови (претставници од релевантни институции и претставници на граѓанскиот сектор -надвор од главниот град на Република Македонија) кои дадоа свој придонес во спроведувањето на мерките од акцискиот план. Работата и динамиката на состанување беше во надлежност на работните групи додека за подготовка на кварталните извештаи и преземање на тековни активности редовно се одржуваа состаноци на ниво на координатори на работни групи на кои без исклучок е поканет и независниот мониторинг набљудувач за Република Македонија. Во текот на имплементацијата на мерките од акцискиот план, покрај работните состаноци на ниво на работни групи по приоритети, консултацијата се вршеше по пат на електронска пошта а централно место за увид и коментирање беше обезбедено на порталот е-демократија. Во периодот јуни 2014 – јуни 2016 година беа подготвени и утврдени од страна на Владата на Република Македонија 5 квартални извештаи за прогресот во имплементацијата на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014-2016 година.**

## 3. ИРМ препораки

**Врз основа на предизвиците и наодите утврдени во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2012-2013 година, подготвен во рамките на независниот механизам за известување, во текот на подготовката на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014-2016 година беа земени во предвид главните препораки и тоа:**

**- при изготвувањето на Акцискиот план за 2014-2016 година не се изврши проширување на листата на приоритети, туку активностите беа насочени кон утврдување на поконкретни и некаде померливи активности кои самите институции ги идентификуваа како клучни за остварување на своите цели.**

- со цел подигнување на јавната свест и создавање на партиципативно и поттикнувачко опкружување за засегнатите страни, на порталот е-демокртија беше објавена временска рамка за спроведување на планираните активности за подготовка на новиот план и планираните активности за спроведување на консултациите.
- за имплементација на приоритетите и поединечните мерки, министерот за информатичко општество и администрација донесе Решение за формирање работна група со сите чинители за имплементирање на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014-2016 година.

## 4. Имплементација на обврски за Националниот акциски план

**Подолу е даден табеларен преглед на постигнати резултати за секој поединечен приоритет од Акцискиот план 2014-2016 година.**

| 1. Партиципативно креирање на политики | | |
|---|---|---|
| Водечка агенција за спроведување | | Министерство за информатичко општество и администрација и<br>Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија |
| Име на одговорно лице од агенција за спроведување | | Гордана Гапиќ Димитровска, координатор<br>Весна Василева, заменик координатор |
| Назив, Одделение | | Раководител на одделение<br>Раководител на одделение |
| Е-пошгта | | gordana.dimitrovska@mioa.gov.mk<br>Vesna.vasileva@gs.gov.mk |
| Телефон | | +389(02)3 200-944<br>+389(02)3 3118-022 |
| Други Инволвиран и учесници | Влада | Министерство за информатичко општество и администрација и<br>Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија |
| | ЦСО, приватен сектор,работни групи,мултилатерал и | Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП), Центар за управување со промени (ЦУП), ЕКО-СВЕСТ, Институт за развој на заедницата (ИРЗ), ИРЕС,Биосфера - Битола, Бујрум –Тетово, Центар за рурален развој – Куманово, Центар за европски развој и интеграција – Битола (ЦЕРИ), Институт за економски стратегии и меѓународни односи Охрид, Скопје |
| Главна цел | | Афирмирање и унапредување на воспоставените |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **практики за партиципативно креирање на политиги поддржано од владиниот и јавниот сектор.** | | | |
| **Краток опис на заложбата (макс 140 карактери)** | **Јакнењето на односите помеѓу Владата и невладиниот сектор е клучно начело за добро владеење и преставува неопходна инвестиција во процесот на креирање квалитетни политики.** | | | |
| **Релевантност**<br>**Накратко опишете го начинот на кој оваа заложба е релевантна за понатамошно унапредување на вредностите на ОВП,**<br>**на пристап до информации, јавна одговорност, граѓанско учество, и технологија и иновации за отвореност и одговорност. (Детален опис на овие вредности е достапна во Забелешка за насоки во врска со Извештајот за ОВП)** | **Оваа заложбата содржи 10 проверливи и мерливи мерки кои овозможуваат унапредување на процесот на партиципативно креирање на политики.**<br>**Јакнењето на односите помеѓу Владата и невладиниот сектор е клучно начело за добро владеење и преставува неопходна инвестиција во процесот на креирање квалитетни политики. Преку учеството на засегнатите страни, Владата има пристап до нови извори на идеи, информации и ресурси кои се важни во процесот на креирање на политики и донесување на одлуки.**<br>**Афирмирањето и унапредувањето на воспоставените практики и процедури за креирање на политики поддржани од владиниот и јавниот сектор претставуваат основа за унапредување на транспарентноста и одговорноста на Владата пред јавноста. Исто така информатичката технологија која ги поддржува воспоставениот процедури на креирање на политики овозможува поголема отвореност, навременост и одговорност на јавниот сектор.** | | | |
| **Амбиција**<br>**Накратко опишете ги планираните резултати за политика на посветеност и тоа како таа или ќе ја направи владата поотворена или ќе ја подобри Владата преку поголема отвореност.** | **Еден од најзначајните сегменти на транспарентно владеење е соработката со заинтересираните страни во процесот на креирањето на политиките, градење на партнерски однос и преземање на неопходните мерки со цел стимулирање и зајакнување на нивното учество.**<br>**Консултациите придонесуваат кон градење на меѓусебната доверба, развивање на квалитетот на демократијата и јакнење на капацитетите на невладиниот сектор.**<br>**Преку усовршување на порталот Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) и оптимизација на процесот на консултација со јавноста, објавување на резултатите од независното следење на отвореноста на Владини институции во процесите на креирање политики и подготовка на закони од страна на невладина организација, градење на капацитетите на граѓанските организации за мониторинг на спроведувањето на политиките имаат за цел да се унапреди јавно приватниот дијалог и да обезбеди поголемо учество на граѓанските организации во процесот на креирање на Владините политики.** | | | |
| | | | | |
| | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |

| **Ниво на проект** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 1. Усовршување на порталот ЕНЕР и оптимизација на процесот на консултација со јавноста**<br>**Врз основа на анализата на ЕНЕР и Извештај со наоди и препораки за понатамошно подобрување на ЕНЕР на 25.12.2014 се пушти во употреба новиот ЕНЕР, кој покрај новиот дизајн нуди нови современи и практични модули како :**<br>**- едноставна регистрација (намален е бројот на полиња за внес на податоци од 10 на 6 )**<br>**- фузирани се 4-те типа на корисници од јавниот сектор во еден тип на корисник кој го носи називот јавен корисник**<br>**- нова систематизација на прописите согласно категоризација која се користи од Службениот весник на Република Македонија, која овозможува полесно пребарување на содржините;**<br>**-системско конфигуриран период на автоматска објава на коментар, со што се овозможи поголема ажурност на навремено објавување на коментари пристигнати од засегнати страни;**<br>**- поставувен е бројчаник, односно јасно прикажување на денот и часот на завршување на процесот на консултација, со што се овозможи поголема сигурност кај јавните корисници во кој временски период ќе може да ги испратат своите коментари ;**<br>**-воведен е нов линк (новости – автоматско објавување на известувањето за почеток на процес на подготовка на закон, најави за јавни расправи за нацрт закони и планови за ПВР).**<br>**Во рамките на овој проектот се следи ЕНЕР со што се оценува вклучувањето на јавноста во раната фаза на подготовка на закони.**<br>**Исто така почнувајќи од јуни 2014 година е овозможено на ЕНЕР во делот „соработка“ да се прикажуваат податоци кои произлегуваат од Проектот „Огледало на Владата“**<br>**Една од најголемите придобивки од новиот ЕНЕР е неговата интеграција со мултиплатформскиот систем за колаборација за е-влада, со што се оневозможи доставување на предлог-закони за разгледување во владина постапка, доколку претходно текстот на предлог-законот не е објавен на ЕНЕР.**<br>**Во однос на посетеноста на ЕНЕР, од неговото воспоставување во 2009 година до неговата надградба во јуни 2012 година, вкупниот број на посети изнесува 25.122. Во периодот што следува заклучно со ноември 2015 година, евидентиран е пораст за 336.174 посети односно за 93%.** | | | |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">Континуирано се спроведуваат активности за промоција на ЕНЕР и одржување на обуки за негово користење (публикуван памфлет за ЕНЕР, гостување на телевизиски емисии, одржани 5 обуки на кои се обучени 100 државни службеници)</td></tr>
<tr><td>Краен датум</td><td colspan="4">Септември 2015</td></tr>
<tr><td>Следни чекори</td><td colspan="4">Континуирано следење и унапредување на квалитетот на содржините, достапноста и искористеноста на ова електронско решение , преку следење на препораките на проектот ,, Огледало на владата“ и во тесна соработка со корисниците на ЕНЕР (владини и јавни) унапредување.<br>Во тек е подготовка на интерен План и динамика за спроведување на промотивна кампања за ЕНЕР насочена кон неколку целни групи (приватен сектор, невладин сектор, граѓани, академска заедница, комори и здруженија. Оваа акивност ќе биде поврзана и искористена за спроведување мерка 7 ,,Поголема јавна свест и користење на партиципативното креирање на политики преку интернет порталот е-демократија од страна на институциите, фирмите, коморите, граѓанското општество и граѓаните“.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Дополнителни информации /</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.</td><td colspan="4">Мерка 2. Зајакнување на правилата за работа и користење на ЕНЕР<br>Воспоставени се Правила и услови кои се однесуваат на користењето на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР) од страна на веќе регистриран корисник или лице кое сака да се регистрира.По воведувањето на новиот ЕНЕР и неговата интеграција со мултиплатформскиот систем за колаборација за е-влада во јануари 2015 година од страна на ВРМ е утврдена постапката, фазите и чекорите за постапување на ЕНЕР од страна на владините корисници.</td></tr>
<tr><td>Краен датум</td><td colspan="4">септември 2015</td></tr>
<tr><td>Следни чекори</td><td colspan="4">/</td></tr>
<tr><td colspan="5">Дополнителни информации /</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите</td><td colspan="4">Мерка 3. ,,Објавување на резултати за користење на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **ЕНЕР-„Огледало на Владата“<br>Во рамките на проектот „Огледало на Владата“, МЦМС ја следи практиката на објавување на предлог-закони на ЕНЕР и објавува редовни неделни прегледи и месечни и квартални извештаи. Главната цел на проектот е Зголемена информираност и знаења на граѓанските организации и граѓаните за барање повеќе отчетност кај институциите како и придонесување кон нивен повисок интегритет.<br>Неделните прегледи се објавуваат на почетокот од секоја недела и содржат информации за предлог законите објавени на ЕНЕР во претходната недела. Месечните прегледи се објавуваат на почетокот на месецот со податоци за претходниот месец и ги содржат информациите за почитувањето и за отстапките од минимално пропишаниот рок за консултации со јавноста за претходниот месец. Кварталните извештаи се објавуваат најдоцна еден месец после секој квартален период и имаат за цел подетална анализа на практиките на објавување на предлог закони на ЕНЕР. Во периодот помеѓу 1.3.2016 и 31.5.2016 година, беа подготвени и објавени 5 неделни прегледи, два месечни и еден квартален извештај.<br>Пример за влијание на граѓанскиот сектор е и самиот проект „Огледало на Владата“. Имено, заклучоците и препораките од извештаите на „Огледало на Владата“ се земени во предвид при редизајнирањето на веб страницата на ЕНЕР, при што неговата функционалност е подобрена. На пример, една од препораките дадени во извештајот Огледало на Владата 2014 г. гласи: ,,Министерствата треба поажурно да го користат ЕНЕР. Министерствата треба редовно да ги ажурираат статусите на предлог-законите, со цел јавноста во секој момент да знае дали објавените прописи се реално отворени за консултации или, пак, периодот за консултации е затворен и прописот е влезен во собраниска постапка."<br>Со измените на ЕНЕР ова препорака е прифатена, па сега на ЕНЕР може да се види точниот преостанат период за консултации, а кога ќе се завршат консултациите, стои јасна порака дека "Времето за коментари е истечено".<br>Извештаите се достапни на следни адреси:<br>http://www.ogledalonavladata.mk/index.php/vesti/sledenje-na-ener/nedelen-pregled.html<br>http://www.ogledalonavladata.mk/index.php/vesti/sledenje-na-ener/mesechen-pregled.html<br>http://www.ogledalonavladata.mk/index.php/vesti/sledenje-na-ener/kvartalen-izvestaj.html** |
| **Краен датум** | **30.4.2016 со можност за продолжување** |

<table>
<tr><td>Следни чекори</td><td colspan="4">Продолжување со активност</td></tr>
<tr><td colspan="5">Дополнителни информации: Оваа мерка продолжува во АП 2016-2018 како 1.1.3 Надворешно следење на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) јавно објавени резултати и широко дистрибуирани до носителите на одлуки</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.</td><td colspan="4">Мерка 4. Следење на отвореност на Владини институции во процесите на креирање политики и подготовка на закони „ Огледало на Владата: учество на јавноста во процесите на подготовка на закони “<br>На 1 јуни 2016 беше објавен третиот сеопфатен годишен извештај „Огледало на Владата: Учество на јавноста во процесите на подготовка на закони”. На настанот беа присутни претставници од повеќе министерства и државни институции, како и претставници од граѓански организации. Анализата се состои од два дела. Во првиот е оценета отвореноста на органите на државна управа во комуникацијата со јавноста, во поддршката на граѓанските организации и во отвореноста при подготовка на конкретни предлог закони. Предмет на анализа во вториот дел се резултатите од следењето на минимумот стандарди и запазувањето на временскиот рок за консултации за објавените предлог-закони на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Извештајот е достапен на http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/1780-ogledalo-na-vladata-2015-uchestvo-na-javnosta-vo-procesite-na-podgotovka-na-zakoni.html</td></tr>
<tr><td>Краен датум</td><td colspan="4">30.4.2016 со можност за продолжување</td></tr>
<tr><td>Следни чекори</td><td colspan="4">Во тек е подготовката на нов годишен извештај за следење на отвореноста на владините институции во 2015 година. Предвидено е истиот да биде објавен на почеток на 2016 година.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Дополнителни информации: Оваа мерка продолжува во АП 2016-2018 како 1.1.3 Надворешно следење на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) јавно објавени резултати и широко дистрибуирани до носителите на одлуки</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат</td><td colspan="4">Мерка 5. „ Градење на капацитетите на граѓанските организации за мониторинг на спроведувањето на политиките“<br>Преку проектот ЛОТОС, Центар за истражување и креирање политики има спроведено обука за седум истражувачи од различни граѓански организации кои делуваат на локално ниво, во поглед на користење на</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **заложбата или дека заложбата има ефект.** | **методологија за систематско следење на механизмите за транспарентност и отчетност на локално ниво. Истражувачите ја користеа оваа методологија за следење на спроведувањето на политиките за добро владеење во 43 општини во Македонија. Извештајот за резултатите од овој едногодишен мониторинг е објавен во мај 2015 и се беше презентиран пред претставници на општините и невладините организации.** | | | |
| **Краен датум** | **Декември, 2016** | | | |
| **Следни чекори** | **Тековно превземање на планираните активности** | | | |
| **Дополнителни информации /** | | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | | | ■ |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 6. Подигнување на свеста за придобивките од отворено владино партнерство: зајакнување на јавно приватниот дијалог за креирањето на мерките за ОВП и градење на капацитети за поголемо учество на граѓанските организации во спроведување на мерките од ОВП“**<br><br>**ЦИКП го потпомага процесот на ко-креација на акцискиот план за отворено владино партнерство со тоа што го организира граѓанското општество и ја потпомага дебатата за да се идентификуваат предизвиците, новите заложби и мерки за ОВП. За таа цел организираме 3 состанока за градење на коалиции на кои се дискутираат повеќе аспекти на отворена влада. Првата средба беше посветена на транспарентност и отчетност, втората на отворени податоци и пристап до информации и третата беше посветена на ефективни јавни услуги.**<br><br>**На овие настани учествуваат претставници од граѓанскиот и јавниот сектор, стопанството и академската заедница. Повеќе од 60 лица присуствуваа на првите два состанока и првичните идеи и препораки за мерки собрани за време на работилниците се доставени до контакт лицето за ОВП и истите преставуваа дел од работниот материјал користен во текот на конференцијата „Отворено владино партнерство – дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2016-2018" .**<br>**На 23-24-ти март 2016 година се одржа конференцијата „Отворено владино партнерство – дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2016-2018" во организација на МИОА и проектот** | | | |

| | |
|---|---|
| | **Техничка поддршка за граѓанските организации – ТАКСО.**<br>**На дводневната конференција беше промовирана иницијативата Отворено владино партнерство меѓу граѓанските организации, се даде и подетална информација за остварениот прогрес, осврт и видување на независниот мониторинг механзам, и се создаде простор за дискусија меѓу граѓанските организации и владините институции за искуствата и предизвиците во спроведувањето на вториот акциски план. Во текот на вториот ден од конференцијата во мешовити работни групи беа подготвени насоки и препораки за дизајнирањето на следниот акциски план. Предлог мерките ќе бидат понатаму разработени и приоритизирани од старна на владините институции.**<br>**На 11ти мај 2016 година се одржа вториот консултативен состанок за подготовка на акцискиот план за ОВП 2016-2018 во организација на МИОА и Центарот за истражување и креирање политики. На овој настан учествуваа 115 учесници од различни сектори. шестте работни групи го финализираа вториот нацрт на Акцискиот план за ОВП 2016-2018 и утврдија кои одржливи развојни цели можат да се реализираат преку овој Акциски план.** |
| **Краен датум** | **Декември, 2016** |
| **Следни чекори** | **Интензивни активности пред и за време на консултациите кои се планирани за подготовка на следниот Акциски план за ОВП (2016-2018) со цел да ја подигне јавната свест за иницијативата за ОВП и во исто време да вклучат што повеќе чинители во креирањето и спроведувањето на овој план.** |
| **Дополнителни информации (Опис на она што останува да се постигне и било какви ризици или предизвици при спроведување на обврската.)/** | |

| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | ■ |

| | |
|---|---|
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 7. Поголема јавна свест и користење на партиципативното креирање на политики преку интернет порталот е-демократија од страна на институциите, фирмите, коморите, граѓанското општество и граѓаните**<br>**Портал за е-демократија е (http://e-demokratija.mk) им овозможува граѓаните на Република Македонија на едноставен и лесно достапен начин, да го дадат своето мислење за предлог документите на Владата(политики, стратегии, акциски планови итн), односно активно да се вклучат во процесот на** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | донесување на одлуките, како и да доставуваат предлози за подобрување на одредени постапки.<br>Ова портално решение нуди содржини од вкупно 26 институции, а бројот на лица кои модерираат со порталот изнесува вкупно 30. На порталот публикувани се вкупно 257 документи, а во делот форум овозможена е дебата на 158 теми. Во однос на посетеноста на порталот е-демократија, од неговото воспоставување во февруари 2012 година до јуни 2016 година, бројот на посети на порталот изнесува 5117 поединечни посети..<br>Изработен е памфлет кој има за цел промоција на можностите кои ги нуди ова портално решение и поттикнување на заинтересираните страни за негова поголема искористеност. Ова портално решение преставува централно место за консултација за активностите од иницијативата за Отворено владино партнерство. За време на широкиот консултативен процес за подготовка на третиот национален Акциски план за отворено владино партнерство за 2016-2018 година, 489 претставници од владиниот, граѓанскиот и приватниот сектор и академските институции беа информирани за можностите на порталот е-демократија. Афирмирањето на порталот е-демократија се реализира заедно со активностите за промоција на ЕНЕР кои во континуитет се спроведуваат и истите преставуваат континуирана и тековна активност на МИОА. | | | |
| Краен датум | јуни 2016 | | | |
| Следни чекори | / | | | |
| Дополнителни информации / | | | | |
| Ниво на проект | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| | | | ✓ (означено) | |
| Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект. | Мерка 8 „Формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор составен од претставници на Владата , органите на државната управа и граѓански организации“<br>Во ноември 2014 година Одделението за соработка со невладини организации –Генерален секретаријат на ВРМ започна консултации со граѓанскиот сектор по Предлог-одлуката за формирање на Советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор, по електронски пат, преку веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk. Во јануари 2015 Генералниот секретаријат, Одделение за соработка со | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | невладини организации организираше консултативни средби со граѓанскиот сектор во Битола, Штип и Скопје.<br>Генералниот секретаријат - Одделение за соработка со невладини организации на 13 мај 2016 година (петок), организираше консултативна средба со граѓанскиот сектор за Предлог-одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор.<br>На 17 мај 2016 година, Владата на Република Македонија, ја донесе Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор.<br>По донесување на одлуката, Владата на Република Македонија објави јавен повик за избор на 13 членови на Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите. | | | |
| **Краен датум** | **континуирано** | | | |
| **Следни чекори** | **Формирање на Советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор** | | | |
| **Дополнителни информации : Оваа мерка продолжува во АП 2016-2018 како 1.2.1 Формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор составено од претставници на Владата, органите на државната управа и граѓански организации (кое ќе го следи спроведувњето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и преку мислења и иницијативи ќе влијае на политиките од значење за граѓанскиот сектор)** | | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | | (означено) | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 9. „Унапредена примена на Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики“**<br>**Еднаш годишно, во август, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија објавува повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Влада на Република Македонија. По објавениот повик, по доставените иницијативи од страна на граѓанскиот сектор, Одделението за соработка со невладини организации ги проследува до ресорните министерства. Иницијативите од граѓанските организации и одговорите од министерствата се објавуваат на веб страницата на Одделението www.nvosorabotka.gov.mk. Од страна на Одделението за соработка со невладини организации, подготвен е Анкетен прашалник, кој на 01.07.2015 година доставен е до сите ресорни министерства, со цел добивање на информации за доследна примена на Кодексот за добри практики за** | | | |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики. Врз основа на добиените резултати беше подготвена Анализа за примена на Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики со препораки и истата беше разгледана од страна на Владата на Република Македонија на 25.08.2015 година како составен дел на Информацијата за прогресот на активностите во врска со реализацијата на проектот “Соработка на Владата со граѓанскиот сектор”. Информацијата е објавена на веб страницата на Одделението www.nvosorabotka.gov.mk.<br>Во рамки на проектот Застапување за отворена влада, Центарот за истражување и креирање политики ќе подготви анализа за учеството на засегнатите/заинтересираните страни во процесот на креирање политики. Во тек е процес на собирање податоци од институции на централно ниво а во меѓувреме се спроведува и граѓанска анкета за тоа што институциите нудат а што граѓаните користат во однос на столбовите за транспарентност, отчетност и партиципативност. Ова истражување ќе покаже како владините политики можат да поттикнат поголемо вклучување на граѓаните и граѓанските организации во процесот на донесување одлуки.</td></tr>
<tr><td>Краен датум</td><td colspan="4">континуирано</td></tr>
<tr><td>Следни чекори</td><td colspan="4">Континуирано следење на доследна примена на Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики и Анализа за учеството на засегнатите/заинтересираните страни во процесот на креирање политики</td></tr>
<tr><td colspan="5">Дополнителни информации : Оваа мерка продолжува во АП 2016-2018 како 1.2.2 Унапредена примена на Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики преку зголемување на бројот на иницијативи од граѓанскиот сектор за годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија</td></tr>
<tr><td colspan="5">Дополнителни информации (Опис на она што останува да се постигне и било какви ризици или предизвици при спроведување на обврската.)/</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има</td><td colspan="4">Мерка 10. Имплементација на мерките од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) и навремено ажурирање на веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации<br>Подготвен е Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012 – 2017) за 2014 година, кој е разгледан од страна на Владата на 10.3.2015 година и</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **ефект.** | **за 2015 година, кој е разгледан од страна на Владата на 23.02.2016 година. Текстот на Извештајот е достапен на интернет страната на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk.**<br>**Исто така, подготвена е Информација за прогресот на активностите во врска со реализацијата на проектот “Соработка на Владата со граѓанскиот сектор” за периодот јануари- јули 2015 година и истата беше разгледана од страна на Владата на Република Македонија на 25.08.2015.**<br>**Воспоставена е нова веб страница на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат www.nvosorabotka.gov.mk, збогатена со нови содржини (посебен дел) со документи (закони и подзаконски акти од значење за работата на граѓанските организации); спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор; финансиска поддршка на здруженија и фондации; предлози од граѓанскиот сектор; дел со корисни информации и обрасци за основање на здружение; дел за Комисијата за организации со статус од јавен интерес; како и база на податоци: Невладини организации, во која се содржани основни податоци за 150 здруженија и фондации во 20 сектори на дејствување, а се ажурира со пополнување на образец од страна на заинтересираните граѓански организации.**<br>**Во текот на 2015 година зголемен е бројот на вработени и зајакнати се капацитетите на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, преку учество на вработените на неколку обуки за градење тимови, мотивација и зголемување на продуктивност на работното место, за примена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, како и на неколку консултативни средби и промотивни настани организирани од граѓански организации.** |
| **Краен датум** | **континуирано** |
| **Следни чекори** | |
| **Дополнителни информации: Оваа мерка продолжува во АП 2016-2018 како 1.2.3 Партиципативна подготовка на новата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2018-2022** | |

| **2. Отворени податоци** | |
|---|---|
| **Водечка агенција за спроведување** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |
| **Име на одговорно лице од агенција за спроведување** | **Филип Маневски – координатор**<br>**Надица Јосифовски – заменик координатор** |

<table>
<tr><td colspan="2"></td><td>Владимир Радосављевиќ – заменик координатор</td></tr>
<tr><td colspan="2">Назив, Одделение</td><td>ИКТ Советник<br>ИКТ Советник<br>Помлад соработник</td></tr>
<tr><td colspan="2">Е-пошгта</td><td>Filip.manevski@mioa.gov.mk<br>Nadica.Josifovski@mioa.gov.mk<br>vladimir.radosavljevik@mioa.gov.mk</td></tr>
<tr><td colspan="2">Телефон</td><td>+389(0)2 320-0870<br>+389(0)2 320-0878</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Други Инволвирани учесници</td><td>Влада</td><td>Министерство за информатичко општество и администрација<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за внатрешни работи<br>Државен завод за статистика</td></tr>
<tr><td>ЦСО, приватен сектор,работни групи,мултилатерали</td><td>Институт за демократија – Социетас Цивилис – Скопје<br>Фондација за интернет и општество – Метаморфозис<br>Реактор, набљудувач</td></tr>
<tr><td colspan="2">Главна цел</td><td>Целта е со користењето на податоците од јавниот сектор да се поттикне:<br>- Иновации и создавање нови информации, содржини и апликации преку комбинирање или вкрстување на податоците;<br>- создавање нови услуги, креирање на работни места и социјална вклученост;<br>- зголемена отчетност и транспарентност на јавниот сектор;<br>- подобрување на квалитетот на податоците од јавниот сектор;<br>- развој на економијата и развој на конкуренцијата, и<br>- развој на информатичкото општество во Република Македонија.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Краток опис на заложбата (макс 140 карактери)</td><td>Отварањето на податоците кои произлегуваат од работата на органите и институциите од јавниот сектор и овозможувањето на нивната лесна и едноставна достапност до сите заинтересирани страни ја гарантира отвореноста и отчетноста на институциите кон своите граѓани.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Релевантност<br>Накратко опишете го начинот на кој оваа заложба е релевантна за понатамошно унапредување на вредностите на ОВП,<br>на пристап до информации, јавна одговорност, граѓанско учество, и технологија и иновации за отвореност и одговорност. (Детален опис на овие вредности е достапна во Забелешка за насоки во врска со Извештајот за ОВП)</td><td>Оваа заложбата содржи 7 проверливи и мерливи мерки кои овозможуваат унапредување на концептот на отворени податоци и нивна примена.<br>Објавувањето на отворените податоци од јавниот сектор не само што допринесува за транспарентноста и отчетноста на работењето на органите и институциите од јавниот сектор, туку и промовира поголемо учество на јавноста во работата на институциите како и директно влијае кон подобрување на економската состојба во државата преку давање на можност за комерцијална употреба на овие податоци.</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Амбиција**<br>**Накратко опишете ги планираните резултати за политика на посветеност и тоа како таа или ќе ја направи владата поотворена или ќе ја подобри Владата преку поголема отвореност.** | **Со секој нов отворен податочен сет институциите (а со тоа и Владата) ја зголемува својата транспарентност и отвореност кон граѓаните. Преку отворените податоци се овозможува поголема инклузивност на граѓаните во креирањето на политиките на Владата како и се отвара прозорец кон работењето на институциите на системот. Со тоа се креира еден вид на граѓански надзор на работењето на институциите се со цел подобра улуга на граѓаните кои тие ги претставуваат. Се разбира за сето обва се потреби точни, навремени и конзистентни податоци од институциите. Наша заложба и амбиција е да овозможиме секогаш поголем број на податочни сетови со колку е можно подобар квалитет.** | | | |
| | | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | | | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 1. Отворени податоци од органите и институциите од јавниот сектор согласно нивните технички можности кои ги создаваат во вршењето на своите надлежности кои ќе ги направат достапни за користење**<br><br>**На Владиниот портал за отворени податоци www.otvorenipodatoci.gov.mk поставени се вкупно 154 податочни сетови од 24 институции. Согласно Член 5 од Законот за користење на податоците од јавниот сектор, органите и институциите од јавниот сектор се должни согласно со нивните технички можности да објават податоци кои ги создаваат во вршењето на своите надлежности кои ќе ги направат достапни за користење.**<br>**Сепак, отварањето на податочните сетови воглавно се води од барања од граѓаните и приватниот сектор кои се добиваат преку владиниот портал за отворени податоци.** | | | |
| **Краен датум** | **2016** | | | |
| **Следни чекори** | **Министерството за информатичко општество и администрација ќе продолжи да соработува со институциите во идентификација и отварање на нивните податочни сетови како и активно да го промовира концептот за отворени податоци во јавноста. Актовно се следат барањата од граѓаните за нови податочни сетови и истите се проследуваат до соодветните институции.**<br>**Цел за наредниот период е отварање на податочни сетови од институциите во компјутерски читлив структуриран формат и постепено исфрлање и замена на податочните сетови кои се објавени во затворен формат (.pdf, .doc, итн).** | | | |
| **Дополнителни информации: Поради својата природа активностите од оваа мерка се одвиваат континуирано (статус ограничено) и активностите поврзани со нив ќе продолжат и во следниот период.** | | | | |
| | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ниво на проект** | | | | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 2. Утврдување на техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на објавување на истите ги утврдува Министерот за информатичко општество и администрација.**<br>**Донесен е Правилник за минималните технички можности на органите и институциите од јавниот сектор за да објавуваат податоци и техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на објавување на истите и истиот е објавен на порталот за отворени податоци. Одржани се повеќе обуки на релевантниот кадар од институциите за претставување и запознавање на вработените со одредбите од правилникот.** | | | |
| **Краен датум** | **Јуни 2014** | | | |
| **Следни чекори** | **/** | | | |
| **Дополнителни информации (Опис на она што останува да се постигне и било какви ризици или предизвици при спроведување на обврската.)/** | | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 3. Формирање на Централен каталог на податоците од јавниот сектор објавени за користење врз основа на каталог на податоци од органите и институциите од јавниот сектор на [www.otvorenipodatoci.gov.mk](http://www.otvorenipodatoci.gov.mk)**<br><br>**Согласнио Член 7 од Законот за користење на податоците од јавниот сектор Министерството за информатичко општество и администрација е обврзано да води централен каталог на податоците од јавниот сектор објавени за користење врз основа на каталог на податоци од органите и институциите од јавниот сектор и истиот да го објави на порталот www.otvorenipodatoci.gov.mk. За таа цел органите и институциите од јавниот сектор се должни до Министерството за информатичко општество и администрација да доставаат во електронска форма каталог на податоците кои ги создаваат во остварувањето на своите надлежности кои ги објавуваат за користење, вклучувајќи и датум за објавување на податоците (по податочни сетови) за нивно користење, динамика на нивно ажурирање (дневно, неделно, месечно и квартално) и поединечен линк, односно веб локација до местото каде што органот или институцијата од јавниот сектор ги објавува податоците.**<br>**Во моментот сите објавени податочни сетови на порталот за отворени податоци се групирани по институција со што се формира еден вид на електронски каталог за до сега објавените податочни сетови.** | | | |
| **Краен датум** | **2016** | | | |
| **Следни чекори** | **Министертсвото за информатичко општество и** | | | |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">администрација активно соработува со сите органи и институции во изготвувањето на поединечните каталози за секоја институција. Планирано е воведување на дополнителна поделба и групација на податочните сетови објавени (или планирани за објава) на порталот за отворени податоци на база на видот на податокот како и индустријата која ја засега. Ова е предвидено со следната надградба на порталот за отворени податоци.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Дополнителни информации: Поради својата природа активностите од оваа мерка се одвиваат континуирано (статус ограничено) и активностите поврзани со нив ќе продолжат и во следниот период.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.</td><td colspan="4">Мерка 4. Воспоставување на датабаза за контакт лица во органите и институциите од јавниот сектор каде се определува лице задолжено за техничко прилагодување и објавување на податоците за нивно користење, нивно објавување на веб страната на органот и за обврските за ажурност на каталогот на податоци на www.otvorenipodatoci.gov.mk<br><br>Како дел од проектот за надградба и модернизација на владиниот портал за отворени податоци (www.otvorenipodatoci.gov.mk) формирана е работна група со претставници од 11 институции. Со тоа е формирана и првата датабаза за контакт лица во органите и институциите од јавниот сектор за потребите на проектот оворени податоци. Оваа листа се проширува со секоја нова институција која се приклучуваше кон проектот како и институциите кои земаа активно учество во обуките за Законот и Правилникот за отворени податоци. Во моменот датабазата за контакт лица за отворени податоци во органите и институциите од јавниот сектор ги содржи сите активни учесници во процесот на идентификација на податочни сетови и нивно објавување.</td></tr>
<tr><td>Краен датум</td><td colspan="4">Јули 2015</td></tr>
<tr><td>Следни чекори</td><td colspan="4">/</td></tr>
<tr><td colspan="5">Дополнителни информации (Опис на она што останува да се постигне и било какви ризици или предизвици при спроведување на обврската.)/</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве</td><td colspan="4">Мерка 5. Воспоставување можност за доставување барање од заинтересирани страни за нови податочни сетови за користење<br><br>Постојат повеќе канали за доставување на барања од заинтересирани страни за нови податочни сетови за</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект. | користење. Најдиректен начин е преку порталот за отворени податоци, т.е. преку формуларот за поднесување на барање за нов податочен сет (http://www.otvorenipodatoci.gov.mk/Templates/Pages/NewCatalogPage.aspx?page=37). Тука барателот треба да ги наведе своите контакт информации (за физички и правни лица) како и краток опис на податокот кој го бара и институцијата која барателот очекува да ги има бараните податоци. Во формуларот барателот треба да наведе и краток опис на целта за која ги бара податоците (комерцијална или некомерцијална) како и краток опис на бизнис модел, апликација, веб сервис или друга содржина која треба да произлезе со користењето на отворените податоци. Овие барања во никој случај не се ограничувачки за барателот туку служат само за интерна приоритизација за процесирање на барањата (предност се дава на барањата од кои моѓе да произлезе нова апликација или било каква нова содржина).<br>Друг начин за доставување на барање за отварање на податоци е барателот директно да се обрати до МИОА или до институцијата која ги има податоците. Процедурата е слична со горе-наведената со тоа што во овој случај барањата се процесираат малку побавно. | | | |
| Краен датум | Јули 2014 | | | |
| Следни чекори | / | | | |
| Дополнителни информации (Опис на она што останува да се постигне и било какви ризици или предизвици при спроведување на обврската.)/ | | | | |
| Ниво на проект | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| | | | | |
| Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект. | Мерка 6. Воспоставување на платформа за вкрстување на податоците (пилот 11 институции)<br>Со надградбата на порталот за отворени податоци се овозможи вкрстување на податоците од најмногу три податочни сетови објавени на порталот. Оваа функционалност е вградена во порталот и не бара дополнителни софтверски решенија или лиценци за нејзина употреба. Сепак, вкрстувањето е овозможено само помеѓу податочни сетови кои се објавени како „бази на податоци“ (структуриран компјутерски читлив формат). | | | |
| Краен датум | Септември 2014 | | | |
| Следни чекори | / | | | |
| Дополнителни информации (Опис на она што останува да се постигне и било какви ризици или предизвици при спроведување на обврската.)/ | | | | |
| Ниво на проект | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| | | | | |
| Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на | Мерка 7. Обуки за спроведување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор<br>Во текот на 2014-та и 2015-та година одржани се повеќе | | | |

| | |
|---|---|
| периодот на известување (прва или втора година од Акционот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект. | групни обуки на клучен персонал од институциите за обука за спроведување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор како и Правилникот за техничките барања и ограничувања за отворени податоци. Покрај групните обуки, МИОА одржува редовни средби за било какви прашања поврзани со спроведување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор со сите институции кои тоа ќе го побараат. |
| Краен датум | Јули 2015 |

| 3. Слобода на информации | | |
|---|---|---|
| Водечка агенција за спроведување | | Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер |
| Име на одговорно лице од агенција за спроведување | | Оливер Серафимовски, координатор<br>Цвета Трајковска, заменик координатор<br>Инџи Хоџа, заменик координатор |
| Назив, Одделение | | Помлад соработник во Секретаријатот на Комисијата;<br>Раководител на Одделение во Секретаријатот на Комисијата;<br>Помлад соработник во Секретаријатот на Комисијата |
| Е-пошгта | | komspi@komspi.mk;<br>oliverserafimovski@komspi.mk;cveta@komspi.mk;<br>inxhihoxha@komspi.mk |
| Телефон | | 02/3118-038; 071/229-214; 071/232-857 и 071/229-289 |
| Други Инволвирани учесници | Влада | Министерство за информатичко општество и администрација;<br>Министерство за правда и<br>Министерство за финансии |
| | ЦСО, приватен сектор,работни групи,мултилатерали | Центар за граѓански комуникации;<br>Фондација отворено општество-Македонија и<br>Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на женитена РМ (ЕСЕ) |
| Главна цел | | Унапредување и олеснување на пристапот до информации |
| Краток опис на заложбата (макс 140 карактери) | | Подобрување на пристапот до информациите од јавен карактер, информираност на граѓаните, како и подобрување на Законот за СПИЈК е клучен за имплементација на законот и уставното загарантирано право (член 16 од Уставот на Р.М.) |
| Релевантност<br>Накратко опишете го начинот на кој оваа заложба е релевантна за понатамошно унапредување на вредностите на ОВП,<br>на пристап до информации, јавна одговорност, граѓанско учество, и технологија и иновации за отвореност и одговорност. (Детален опис на овие | | Со имплементирање на заложбите од Приоритетот 3. Слобода на информации ќе се намали ограниченоста на пристапот до информации, како што се молкот на администрацијата како главна причина за ограничување на пристапот до информациите од јавен карактер, неинформираноста на граѓаните за нивното загарантирано право на пристап до информации од јавен карактер, имателите на информации од јавен карактер, како едни од главните чинители за |

<table>
<tr><td>вредности е достапна во Забелешка за насоки во врска со Извештајот за ОВП)</td><td colspan="4">спроведување на заложбите, ќе ја зголемат својата транспарентност во работењето, со тоа што информациите со кои располагаат ќе ги објавуваат на своите веб локации и огласни табли, со што документите кои ги поседуваат ќе бидат полесно достапни до граѓаните, односно барателите на информации од јавен карактер. Граѓанскиот сектор со своите активности ја подобрува имплементацијата на Законот за СПИЈК, одржувајќи обуки за граѓаните, невладиниот сектор и новинарите, а истовремено преку изготвените апликативни веб решенија на граѓаните им го олеснува поднесувањето на барања за слободен пристап до информациите од јавен карактер до имателите на информации.</td></tr>
<tr><td>Амбиција<br>Накратко опишете ги планираните резултати за политика на посветеност и тоа како таа или ќе ја направи владата поотворена или ќе ја подобри Владата преку поголема отвореност.</td><td colspan="4">Комисијата како носител на Приоритетот 3. Слобода на информации, но и како еден од имплементаторите на Законот за СПИЈК, преку спроведување не само на заложбите и активностите од Акцискиот план за отворено владино партнерство, туку и преку целосно имплементирање на Законот, во иднина сака да ги спроведе во целост зацртаните цели за целосна отвореност и достапност на информациите од јавен карактер кои ги поседуваат сите иматели на информации од јавен карактер, на начин достапен за јавноста (интернет страница, огласна табла и дгруго) – член 9 од ЗСПИЈК. Со ова имателите на информации од јавен карактер ќе бидат транспарентни во објавувањето на информациите од јавен карактер, отворени за соработка со барателите-граѓаните, со што ќе се избегне молчењето на администрацијата, како причина за ограничување на пристапот до информациите од јавен карактер.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.</td><td colspan="4">Мерка 4: Редовно објавување и ажурирање на Листа на информации кај имателите<br><br>Сите иматели на информации треба своите информации од јавен карактер кои ги поседуваат и со кои располагаат треба да ги објават на своите веб локации</td></tr>
<tr><td>Краен датум</td><td colspan="4">Септември 2015 - Декември 2016 година</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="2">Следни чекори</td><td colspan="4">Комисијата за ЗПСПИЈК преку обуките кои ги одржува за одговорните и службените лица за посредување со информациите од јавен карактер, континуирано им посочува на службените лица како да го применуваат Законот за СПИЈК, постојано укажува на кој начин треба да се објавува и ажурира Листата на информации кај имателите (на нивните веб локации или огласните табли во институциите). Имателите на информации на своите веб локации да изготват банери или линкови во кои ќе бидат поставени сите информации од јавен карактер кои ги поседуваат и со кои располагаат.</td></tr>
<tr></tr>
<tr><td colspan="5">Дополнителни информации: Поради својата природа активностите од Мерка 4 ,,Редовно објавување и ажурирање на Листа на информации кај имателите,, ќе се одвиваат континуирано (статус ограничено) и активностите поврзани со нив ќе продолжат и во следниот период.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.</td><td colspan="4">Мерка 9. Изменување и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации до јавен карактер и<br>Мерка 10. Формирање меѓуресорска работна група за утврдување на усогласеноста на Конвенција на Советот на Европа за пристап до јавните документи и утврдување на националните законски услови за пристапување кон оваа конвенција<br>Меѓуресорската работна група е формирана за да утврди усогласеност на Конвенцијата на СЕ за пристап до јавните документи и утврдување на националните законски услови за пристапување на оваа Конвенција и изготвување на анализа за евентуална измена на Законот за СПИЈК<br>Мерка 5: Достапност на сите информации од јавен карактер на веб локациите на имателите<br>Мониторингот на интернет страниците на осумнаесет јавни институции и оценувањето на достапноста на шеснаесет клучни документи и информации што се однесуваат на работењето на опфатените институции (стратегија за работа; годишна програма за работа; буџетски календар; предбуџетска изјава; граѓански буџет; предлог буџет и усвоен буџет; предлог и усвоени измени и дополнувања на буџетот; буџетски документи во отворен формат (xml или excel); месечни извештаи за извршување на буџетот; полугодишен извештај за извршување на буџетот; завршна сметка на буџетот; ревизорски извештај; податоци за лицето назначено за посредување со информации од јавен карактер и листа на информации од јавен карактер) кој го спроведе Здружението ЕСЕ покажа дека најголем дел имателите на информации од јавен</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **карактер немаат објавено ниту еден од мониторираните буџетски документи или пак имаат објавено само некои. Ова укажува на тоа дека самото тоа што во Законот за СПИЈК предвидува листа на информации од јавен карактер не е доволно за остварување на повисоко ниво на проактивност (проактивна транспарентост) кај јавните институции. Затоа потребно е групата да изнајде начин како имателите на информации да ги постават сите информации за своето работење на своите интернет страници. Комисијата укажува дека информациите што треба да ги содржи Листата на информации од јавен карактер е утврдена со член 10 од Законот за СПИЈК и не може да се утврди минимум на информации кои истата ќе ги содржи.<br>Мерка 7: Зголемување на соработката на Комисијата со Здруженијата на граѓани и фондации и со Општините во Р.М. преку меморандуми за соработка<br>Ќе бидат потпишани Меморандуми за соработка со Фондацијата отворено општество-Македонија, со Центарот за граѓански комуникации и со Здружението ЕСЕ, согласно Акцискиот план за ОВП.** | | | |
| **Краен датум** | **Декември 2016** | | | |
| **Следни чекори** | **Подготовка на Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за СПИЈК<br>Објавувањето на информациите од јавен карактер на веб локациите на имателите е мерка на која во континуитет ќе се работи.<br>Комисијата во наредниот период ќе потпише Меморандуми за соработка со Фондацијата отворено општество-Македонија, со Центарот за граѓански комуникации и со Здружението ЕСЕ, согласно Акцискиот план за ОВП, се со цел за продлабочување на заедничката соработка** | | | |
| **Дополнителни информации : Мерка 9. Изменување и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации до јавен карактер и Мерка 10. Формирање меѓуресорска работна група за утврдување на усогласеноста на Конвенција на Советот на Европа за пристап до јавните документи и утврдување на националните законски услови за пристапување кон оваа конвенција: Поради својата природа активностите од оваа мерка ќе се одвиваат континуирано (статус значително) и активностите поврзани со нив ќе продолжат и во следниот период, а како носител на оваа мерка е Министерството за Правда<br>Мерка 5: Достапност на сите информации од јавен карактер на веб локациите на имателите: Поради својата природа активностите од оваа мерка се одвиваат континуирано (статус значително) и активностите поврзани со нив ќе продолжат и во следниот период.<br>Мерка 7: Зголемување на соработката на Комисијата со Здруженијата на граѓани и фондации и со Општините во Р.М. преку меморандуми за соработка: Поради својата природа активностите од оваа мерка се одвиваат континуирано (статус значително) и активностите поврзани со нив ќе продолжат и во следниот период.** | | | | |
| | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ниво на проект** | | | | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 1: Подигање на свеста кај јавноста за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер преку креирана и спроведена медиумска презентација и едукативна кампања и Мерка 2: Едукација на службените и одговорните лица кај имателите на информации**<br>**- Одржани 4 обуки за новинари и БИРН истражувачката мрежа на новинари за спроведување на правото за СПИЈК, со цел нивно запознавање со Законот за СПИЈК (Центар за граѓански комуникации)**<br>**-Одржани 8 дводневни обуки во повеќе градови за граѓани и претставници на Здруженија на граѓани на кои учество зеле 188 лица, Одржани три обуки за членови на НВО-ции во Крушево и Скопје во соработка со УСАИД, Национален демократски институт и Млади европски федералисти, на следниве теми: „Правото на слободен пристап до информации" и „Барање за слободен пристап до информации – алатка за набљудување на јавните политики".(Фондација отворено општество-Македонија)**<br>**-Континуирано објавување на вести кои се однесуваат на транспарентноста и отчетноста на јавните институции http://www.esem.org.mk/index.php/najznachajni-vesti www.fiskalnatransparentnost.org.mk, обуки на три граѓански организации (Здружение ЕСЕ)**<br>**-Комисијата посети 6 општини, во кои во соработка со Мисијата на ОБСЕ, беа одржани 6 обуки за студенти и средношколци, одржана обука на Факултетот за безбедност во Скопје, за Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно со можностите кои произлегуваат од него за барателите на информации од јавен карактер, како и со обврските и должностите кои произлегуваат од него за имателите на информации. Во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" и Дирекцијата за заштита на личните податоци, Комисијата одржа три обуки за 24 претседатели на судови, 18 обвинители од јавните обвинителства во Република Македонија, и 46 офицери за заштита на лични податоци и службени лица кои постапуваат по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, од судовите и обвинителствата од сите апелациони подрачја. Организирани и одржани четири обуки во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Четирите обуки се дел од предвидените шест обуки согласно потпишаниот Меморандум за соработка меѓу** | | | |

| | |
|---|---|
| | **Комисијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје за 2015 година, кој означува четиригодишен континуитет на воспоставената плодна соработка меѓу двете институции. Првата обука се одржа во Скопје на која присуствуваа службени и одговорни лица од скопски општини, а на втората Работилница во Гостивар беа поканети и присуствуваа одговорни и службени лица од неколку општини од западниот дел на Република Македонија. На третата организирана во Штип учествуваа претставници на администрацијата од општини од источниот дел на државата. Четвртата обука за едукација на одговорни и службени лица кои посредуваат со информации од јавен карактер беше одржана во Демир Капија. Исто така, согласно претходно потпишаниот Меморандум за соработка со Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, во просториите на оваа високообразовна институција пред студентите обучувачи од Комисијата го презентираа уставно загарантираното право, нормирано во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Претставници на Комисијата за извршителите и други претставници од повеќе инстанци на судската власт во Република Македонија, одржаа предавање за „Практичната примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од аспект на извршувањето„. Три обуки за 60 –тина службени лица кај имателите на информации од јавен карактер, а во функција на подигнување на јавната свест и степенот на запознаеност на имателите на информации со Законот СПИЈК и обврските кои за нив произлегуваат од него, како и начинот на остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. По претходно потпишан меморандум беше одржана обука за студентите од Факултетот за безбедност. На веб локацијата на Комисијата поместени се апликативните решенија на Фондацијата отворено општество Македонија (http://slobodenpristap.mk/) и на Здружението ЕСЕ (http://www.fiskalnatransparentnost.org.mk/) во форма на банер/линк. Граѓаните на многу едноставен и брз начин ќе можат да го искористат правото да поднесат барање до имателите на информации од јавен карактер.**<br>**Стручните предавачи во Секретаријатот на Комисијата во просториите на Комисијата одржаа две обука за службени лица на тема „Слободен пристап до информации од јавен карактер“. На обуките присуствуваа 29 новоназначени службени лица, како и лица кои досега од различни причини не посетувале** |

| | |
|---|---|
| | **обука или пак побарале дополнителна едукација, од државни органи и институции, јавни претпријатија, здравствени установи, органи на судската власт, инспекторати, фондови, заводи и институти.**<br>**Претставници од Секретаријатот на Комисијата одржаа предавање во рамките на советувањето на тема „Примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“, во организација на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“. Советувањето е наменето за лицата кои постапуваат по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, од сите обвинителства во Република Македонија. На предавањето учество земаа 20 службени лица.**<br>**Мерка 3. Изработка на нова веб локација на Комисијата**<br>**Изработена е нова веб локација на Комисијата во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и истата е во функција за нејзино користење од страна на барателите и имателите на информации. На страната се поместени сите потребни информации кои се однесуваат на Законот за СПИЈК и е збогатена со нови линковски решенија на кои што на најтранспарентен начин се прикажува работата на Комисијата.**<br>**Мерка 6: Унапредување на финансиските и човечките ресурси на Комисијата**<br>**Буџетот на Комисијата за ЗПСПИЈК е зголемен за 500.000,00 денари во делот на плати, поради превземање на 4 лица во Комисијата.**<br>**Мерка 8: Објавување на информации за буџетска и програмска имплементација на здравствените буџети, со посебен фокус на буџетската и финансиската имплементација на превентивните програми на Министерството за здравство, добиени преку постапка за пристап до информации од јавен карактер. www.esem.org.mk**<br>**-Согласно мерката 8, Министерството за здравство изготви апликација во која се поместени сите потребни информации од јавен карактер кои што беа предмет на барања за добивање на информации од јавен карактер од страна на Здружението ЕСЕ.** |
| **Краен датум** | **Декември 2014 - Декември 2015** |
| **Следни чекори** | / |

**Дополнителни информации: Придобивки од спроведените мерки се тоа што со Законот за СПИЈК се запознаени преку спроведените обуки и кампањи новинари, невладини организации, баратели, службени и одговорни лица кај имателите на информации од јавен карактер. Исто така, преку одржани предавања со Законот се запознаваа и студентите од повеќе факултетски установи. На веб локацијата на Комисијата се поставени во форма на банер/линк апликативните решенија на Фондацијата отворено општество Македонија**

| |
|---|
| **(http://slobodenpristap.mk/) и на Здружението ЕСЕ (http://www.fiskalnatransparentnost.org.mk/). Изработена и е во функција новата веб локација на Комисијата, во соработка со МИОА, на која на најтранспарентен начин се прикажува работата на Комисијата, преку поместување на сите потребни информации кои се однесуваат на Законот за СПИЈК. Финансиските и човечките ресурси се подобрени, а подобрена е соработката и на Министерството за здравство со Здружението ЕСЕ во однос на објавувањето на информации за буџетската и финансиската имплементација на превентивните програми на Министерството.** |

| **4. Превенција и сузбивање на корупција и промовирање на принципите за добро управување** | | |
|---|---|---|
| **Водечка агенција за спроведување** | | **Државна комисија за спречување на корупцијата** |
| **Име на одговорно лице од агенција за спроведување** | | **Владимир Георгиев, заменик координатор** |
| **Назив, Одделение** | | **Државен советник, Секретаријат на ДКСК** |
| **Е-пошгта** | | **vgeorgiev@dksk.org.mk** |
| **Телефон** | | **070 342 782** |
| **Други Инволвирани учесници** | **Влада** | **Државна комисија за спречување на корупцијата Министерство за правда, други надлежни институции и органи, општини** |
| | **ЦСО, приватен сектор,работни групи,мултилатерали** | **Граѓански организации: Центар за истражување и креирање политики - ЦИКП, Македонски центар за меѓународна соработка(МЦМС),Коалиција - Сите за правично судење, ТИ Македонија, Институт за економски стратегии и меѓународни односи Охрид, Институт за демократија – Социетас Цивилис (ИДСЦС), Фондација за интернет и општество - МЕТАМОРФОЗИС,<br>УНДП, ОБСЕ** |
| **Главна цел** | | **1. Подобрување на отчетноста и одговорноста на институциите преку подигната свест на јавната администрација за пријавување на незаконито или недозволиво постапување<br>2. Подобрување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на институциите на централно и локално ниво<br>3. Јакнење на капацитетите на граѓанските организации и нивна подобрена улога во следењето на работата на институциите и подобрен вкупен квалитет на испораките на услуги** |
| **Краток опис на заложбата (макс 140 карактери)** | | **Зголемена транспарентност и отчетност на институциите, јакнење на свеста за пријавување незаконито и недозволиво постапување и јакнење на улогата и капацитетите на јавноста за следење на работата на институциите** |
| **Релевантност**<br>**Накратко опишете го начинот на кој оваа заложба е релевантна за понатамошно** | | **Заложбата опфаќа девет мерки насочени кон поголемо граѓанско учество во следење на работењето на институциите на централно и** |

| | |
|---|---|
| **унапредување на вредностите на ОВП, на пристап до информации, јавна одговорност, граѓанско учество, и технологија и иновации за отвореност и одговорност. (Детален опис на овие вредности е достапна во Забелешка за насоки во врска со Извештајот за ОВП)** | **локално ниво што во крајна линија ќе придонесе за јакнење на транспарентноста, отвореноста, отчетноста и интегритетот на јавната администрација.<br>Поединечните мерки од оваа заложба имаат за цел унапредување на отвореното владино партнерство преку воспоставување на одржлив и континуиран пристап на одговорност и отвореност на институциите кон невладиниот сектор и граѓаните преку градење на механизми за нивна вклученост во превенцијата на корупцијата  и во промовирањето на принципите на добро владеење.<br>Афирмирањето на ИКТ алатките што овозможуваат подобра интеракција помеѓу општинските органи и граѓаните исто така ќе придонесат кон унапредување на транспарентноста и отчетноста на општините.** |
| **Амбиција<br>Накратко опишете ги планираните резултати за политика на посветеност и тоа како таа или ќе ја направи владата поотворена или ќе ја подобри Владата преку поголема отвореност.** | **Мерките утврдени во оваа заложба, поединечно и како целина овозможуваат унапредување на отвореноста на институциите од централно и локално ниво преку темелно вклучување на јавноста во креирање на политиките на добро владеење, интегритет и превенција на ризиците за корупција.<br>Законското регулирање на системска институционална заштитата на лицата што пријавуваат сомнежи за незаконско и недозволиво постапување (whistleblowers protection) ќе ги охрабри вработените во јавната администрација и граѓаните за пријавуваат вакви однесувања.<br>Воспоставувањето на Регистар на избрани и именувани лица и неговото објавување на WEB страницата на ДКСК, ќе овозможи јавноста да има достапни информации за сите избрани и именувани лица од страна на Собранието на РМ , Владата на РМ, правосудните органи и локалната самоуправа.<br>Иновативните алатки за отвореност и одговорност (преку ИТ алатки, индексот за одговорност, транспарентност и отчетност и индексот на интегритет на општините) се во функција на создавање култура на респонзивност на администрацијата и учество на граѓаните во поттикнувањето и оценувањето на работењето на општините.<br>Дефинирањето на методологија за проценка на ризици од корупција како надградба на концептот на интегритет на институциите е во насока на зајакнување на веќе воспоставената јавната внатрешна финансиска контрола, како и на други обврски на институциите утврдени со Законот за** |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">воведување на систем за управување со квалитет и заедничка рамка за проценка на работењето (ЦАФ), што ќе придонесе кон јакнење на јавната одговорност.<br>Особено е значајно градењето на капацитетите на граѓанските организации за мониторинг на работењето на институциите на централно и локално ниво, спроведување на тематски истражувања и организирање на конференции и работилници.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.</td><td colspan="4">Мерка 1. Донесување измени на Законот за спречување на корупцијата во насока на воведување на систем на интегритет во јавниот и приватниот сектор и воведување системска заштита на лицата кои пријавуваат сомневање или сознание за корупција и друго незаконито или недозволиво постапување – укажувачи (whistleblowers)<br><br>Во месец август од страна на Министерството за правда е формирана работна група која ќе работи на изготвување на работна верзија на законско решение за воведување на системска институционална заштитата на укажувачите (whistleblowers protection)<br><br>Првата работна верзија на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, изготвена во насока на воведување системска институционална заштита на укажувачи во јавниот и приватниот сектор, е доставена до Министерство за правда на 07.10.2015 година.<br>По усогласување меѓу четирите политички партии претставени во Собранието на Република Македонија, од страна на група пратеници до Собранието на Република Македонија на 09.11.2015 година поднесен е Предлог - закон за заштита на укажувачи и истиот е донесен по скратена постапка на седницата одржана на датумот на поднесувањето. Донесен е Закон за заштита на укажувачи (Службен весник на Република Македонија број 196 од 10.11.2015 година). Овој Закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува по четири месеци од денот на влегувањето во сила.</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Законите со кои се уредуваат права и обврски од работен однос во јавниот и приватниот сектор ќе се усогласат со овој Закон најдоцна три месеци од денот на влегувањето во сила.**<br><br>**На 03.03.2016 година Министерот за правда ги донесе подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за заштита на укажувачи:**<br>**Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Сл. весник на Република Македонија“ број 46/16)**<br>**Правилник за надворешно пријавување („Сл. весник на Република Македонија“ број 46/16)**<br>**Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор („Сл. весник на Република Македонија“ број 46/16)**<br>**Примената на Законот за заштита на укажувачи и на подзаконските акти коишто произлегуваат од него започнува на 18.03.2016 година.** | | | |
| **Краен датум** | **Октомври 2015** | | | |
| **Следни чекори** | **Усогласување на законите со кои се уредуваат права и обврски од работен однос во јавниот и приватниот сектор со Законот за заштита на укажувачи**<br><br>**Воспоставување на механизмот за заштита на укажувачите:**<br><br>**Оваа мерка продолжува во АП 2016-2018 како 4.1 „Имплементација на Законот за заштита на укажувачи и јакнење на свеста за укажувањето“ преку следните достигнувања: определување овластени лица за прием на пријави од укажувачи од институциит; спроведување на обуки и работилници за овластените лица за прием на пријави од укажувачи за ефикасно спроведување на законот; и јакнење на свеста за укажувањето** | | | |
| **Дополнителни информации : Институциите и правните лица во јавниот и приватниот сектор потребно е да се подготват за примена на Законот за заштита на укажувачи за што е потребна алокација на човечки и финансиски ресурси во насока на воспоставување на механизмот за пријавување и заштита на укажувачи.** | | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | | (означено) | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме** | **Мерка 2. Спроведување на активности за подигање на свеста на јавната администрација и граѓаните за пријавување на корупција и друго незаконито и недозволиво постапување**<br>**Во организација на ТИ Македонија во април 2015** | | | |

| | |
|---|---|
| **наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **година одржана е работилница во рамките на проектот "Застапување и заштита на пријавувачите, вклучувајќи ги медиумите и граѓанското општество". Согласно информацијата од ТИ Македонија, во рамките на овој проект направена е анализа на правната рамка за заштита на укажувачите во Република Македонија и компаративна анализа со земјите од регионот.На три локации во Скопје беа поставени билборди насловени "За заштита на пријавувачите". Исто така објавени се и две истражувачки новинарски стории. Целта на објавувањето на сториите е да се подигне свеста за улогата на укажувачите (whistleblowers) и последиците што тие ги имаат од одлуката да пријават.<br>Во рамки на ИПА2010 Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата ", под Компонентата 1, се превидува изготвување на публикации-водичи за примена на Законот за заштита на укажувачи – канали за пријавување и обезбедување заштита.<br>Во рамки на регионалните активности под една од клучните мерки на димензијата Антикорупција на Стратегијата за Југоисточна Европа 2020, во ноември 2015 година во Белград, формирана е Коалиција за заштита на укажувачи во Југоисточна Европа, во која учествуваат и невладини организации од Република Македонија. Коалицијата ќе функционира како чадор на граѓански организации со цел градење политики, застапување и подигнување на свеста за заштитата на укажувачите, но и како мрежа за размена на знаење, искуство и поддршка.<br>Институтот за демократија „Социетас цивилис" Скопје изработи анализа на ефикасноста на системите за пријавување на корупција (пред се електронските). Краткиот документ за јавна политика ги анализира факторите кои ја ограничуваат успешноста на овие механизми и предлага мерки со кои може да се подобри успешноста во иднина. Исто така се предлага изработка на централизиран државен систем за електронско пријавување на корупција кој покрај платформа за пријавување, ќе обезбеди и интегрирана статистика и увид во процесирањето на пријавите.<br>На 10.03.2016 година, во рамки на Компонентата 1 активност 1.5 од ИПА 2010 Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата" се одржа Конференција на тема „Усогласено управување и превенција на** |

| | |
|---|---|
| | **корупцијата во приватниот сектор“, на која се презентираа стандарди и добри практики на воведен систем на усогласено управување,кој опфаќа и канали за заштитено пријавување, а се информираше за Законот за заштита на укажувачи и подзаконските акти кои произлегуваат од него. На конференцијата, што беше организирана од страна на Министерството за правда, ДКСК и Твининг канцеларијата, учествуваа претставници на институции од јавниот сектор, правни лица од приватниот сектор и бизнис заедницата, како и претставници од ГО.** |
| **Краен датум** | **2016** |
| **Следни чекори** | **По донесувањето на законското решение за воведување системска институционална заштита на укажувачите ќе следат активности за подигање на свеста за пријавување**<br><br>**Изготвување на публикации - водичи за примена на Законот за заштита на укажувачи – канали за пријавување и обезбедување заштита** |

**Дополнителни информации Оваа мерка е опфатена во предходната погоре и ќе се пренесе во АП 2016-2018 како 4.1 „ Имплементација на Законот за заштита на укажувачи и јакнење на свеста за укажувањето“ достигнување во делот на јакнење на свеста - Изготвување на публикации / водичи за примена на Законот за заштита на укажувачи**

| | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
|---|---|---|---|---|
| **Ниво на проект** | | | (означено) | |

| | |
|---|---|
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 3. Воведување на насоки на системот на интегритет и нивно натамошно пилотирање во општините и институциите на централно ниво**<br><br>**Воноември 2014 година ДКСК, ЗЕЛС и УНДП заеднички организираа јавна дебата на тема интегритет, транспарентност и отчетност на локално ниво со учество на голем број општини и претставници на невладиниот сектор. Целта беше да да се презентираатискуствата и предизвиците во воведувањето на концептот на интегритет и да се разговара за улогата на граѓанското општество и користењето на ИКТ алатки за промовирање на транспарентноста и отчетноста на локално ниво.**<br><br>**Темата за интегритет, транспарентност и отчетност на локално ниво, како и можноста за користење ИКТ технологии, иновации и отворени податоци за промовирање на транспарентност и отчетност беа дел и од одбележувањето на светскиот ден за борбата против корупцијата (9 декември 2014** |

<table>
<tr><td colspan="1"></td><td colspan="4">година) кој беше организиран во заедничка соработка меѓуДКСК, УНДП и ЗЕЛС и на годишната конференција на ДКСК за оценка на остварувањето на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси 2011-2015, одржана во март 2015.<br><br>Како дел од концептот на интегритет, ДКСК во соработка со УНДП во текот на 2014 и 2015 година продолжи со промовирање на потпишување на анти-корупциска политика / политика на интегритет на локално ниво. Досега, 47 општини имаат потпишано анти-корупциската политика.<br><br>ДКСК, на 07. 12. 2015 година, согласно своите законски надлежности, донесе Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и на судирот на интереси со Акционен план за периодот 2016-2019. Во рамките на стратешката цел 1. – Зајакнат институционален систем и легислатива за превенција на корупцијата и на судирот на интереси, во Акциониот план се утврдени повеќе активности за развивање и утврдување на насоките за концептот на интегритет во јавниот сектор.</td></tr>
<tr><td>Краен датум</td><td colspan="4">континуирано</td></tr>
<tr><td>Следни чекори</td><td colspan="4">Согласно Акциониот план на Државната програма 2016-2019, ДКСК со соработка со други институции треба да развие и донесе насоки за концептот на интегритет во јавниот сектор</td></tr>
<tr><td colspan="5">Дополнителни информации<br>Оваа мерка продолжува во АП 2016-2018 како 4.3 „Промовирање на интегритет, транспарентност и отчетност на локално ниво и следење на напредокот“</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.</td><td colspan="4">Мерка 4. Дефинирање на методологија за проценка на ризици од корупција како надградба на концептот на интегритет<br><br>Во тек се активности за воведување на оценка на ризици за корупција (Corruption Risk Assessment), при што ќе се имаат предвид веќе воспоставениот систем на јавната внатрешна финансиска контрола, како и обврските на институциите утврдени со Законот за воведување на систем за управување со квалитет и заедничка рамка за проценка на работењето (ЦАФ).<br>Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со ДКСК во октомври 2014 година спроведоа три регионални</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | **дводневни обуки за претставници од единиците на локалната самоуправа (внатрешните ревизори и/или раководители на Секторот буџет и финансии) како контакт лица во работните групи за предлагање на мерки за детектирање на ризиците и начини за нивно надминување. Обуките претставуваа реализација на два елементи од концептот на интегритет:**<br><br>- **Обука и зајакнување на функцијата на внатрешна ревизија во единиците на локалната самоуправа**<br>- **Развој на стратегии за управување со ризици од корупција**<br><br>**Во обуките беа вклучени 35 лица од 20 единици на локалната самоуправа каде што веќе се воспоставени функционални единици за внатрешни ревизори во рамки на општинската администрација. Темите кои беа опфатени на обуките беа вовед за моделот на интегритет, елементи на процесот на проценка на ризици, чекори во процесот на проценка на ризици од корупција, дефинирање на процесите во единиците на локалната самоуправа, изработка на мапа на процесите, методологијата за проценка на ризици, правење на ранг листа на ризици, дефинирање на мерки за контрола на ризиците, дефинирање на структура и прилозите кон стратегијата за управување со ризици.**<br><br>**Во периодот од 25-29. 01. 2016 година, согласно препораките од ПАРИРП за воведување на оценка за ризици на корупција, беше реализирана ТАИЕКС експертска мисија „Проценка на ризици од корупција во јавниот сектор“. ТАИЕКС експертската мисија беше побарана и организирана од страна на МВР, со поддршка на ДКСК и МФ. Конечниот извештај со препораки од експертот се уште не е доставен од страна на ТАИЕКС, до заклучувањето на овој квартален извештај** |
| **Краен датум** | **2016** |
| **Следни чекори** | **Продолжување на активностите**<br><br>**Оваа мерка е завршена со смисол дека методологијата за проценка на ризици од корупција, согласно Извештајот од TAIEX експертската мисија „Проценка на ризици од корупција во јавниот сектор“ е добро разработена преку веќе воспоставениот систем за јавна внатрешна** |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">финанскска конторла.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Дополнителни информации /</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.</td><td colspan="4">Мерка 5. Изготвување на методологија за следење на напредокот на воведувањето на системите на интегритет (индекс за интегритет) за единиците на локалната самоуправа<br><br>За реализација на оваа мерка, ДКСК во соработка со УНДП во ноември 2014 изработи два прашалници во форма на индекси.<br>Првиот индекс се состои од 45 прашања преку кои ќе може да се оцени степенот на одговорноста, транспарентноста и отчетноста на општините за областите на јавните набавки, финансиското управување, урбанистичкото планирање и граѓанското учество и консултации во процесот на донесување одлуки. Индексот во првата фаза беше испратен до 15 пилот општини. Логистичката поддршка и анализата на прашалниците беше реализирана од страна на ЦИКП.<br>Вториот индекс содржи 14 групи прашања согласно концептот на интегритет, вклучувајќи и прашања што се однесуваат на отвореноста. Индексот на интегритет беше доставен до 81 општина. Логистичка поддршка беше обезбедена преку ЗЕЛС, ЦИКП и седум ГО. Бројот на општини што доставија повратен одговор беше релативно мал, што ја наметнува потребата од дополнително промовирање на индексот.</td></tr>
<tr><td>Краен датум</td><td colspan="4">2016</td></tr>
<tr><td>Следни чекори</td><td colspan="4">Дополнително адаптирање на индексите за одговорност, транспарентност и отчетност и за интегритет и нивно промовирање во општините.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Дополнителни информации Оваа мерка продолжува во АП 2016-2018 како 4.3 „Промовирање на интегритет, транспарентност и отчетност на локално ниво и следење на напредокот“, достигнување: Следење на одговорност, транспарентност и отчетност на локално ниво преку индексот за интегритет и индексот за одговорност, транспарентност и отчетност на општините..</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ниво на проект</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Опис на резултатите<br><br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот</td><td colspan="4">Мерка 7. Континуирано промовирање на примената на ИТ алатки за општествена одговорност во општините и други институции<br><br>УНДП во текот на 2014,како дел од иницијативите за</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **промовирање на интергитет на локално ниво и подобра општествена одговорност, беше изработена алатката "Отворена општина" за подобра интеракција помеѓу општините и граѓаните, и промовирање на транспарентност, отвореност и отчетност на локално ниво. Алатката иницијално беше поставена во 5 општини, а потоа и во дополнителни 10 општини.**<br><br>**Целта на оваа иницијатива е да им овозможи на граѓаните да го дадат своето мислење заработата на општината во поглед на отвореноста, отчетноста и пресретливоста на општинската администрација. Преку искажување на своето мислење, граѓаните може да влијаат врз подобрување на квалитетот на услугите во општината. Алатката е заснована ИТК технологија, односно во општините има поставено „екран на допир“, на кој преку едноставно притискање на екранот граѓаните одговараат на прашалник и даваат мислење за отвореноста и отчетноста на општината.**<br><br>**За било какви прашања во општината стои на располагање и одговорно лице. Овие прашалници се достапни и на интернет преку: http://www.moja-opstina.mk/.**<br><br>**Оваа алатка се надоврзува на неколку претходни иницијативи за развивање ИТК-базирни алатки за општествена одговорност развиени од страна на невладиниот сектор, а спроведени во соработка со општините како на пример ИКТ алатката "Мој приоритет“ спроведена во општина Велес од страна на невладината организација ФОКУС. Се работи на понатамошно промовирање на иновативни алатка и базирани на ИКТ технологија за подобрување на интеракцијата помеѓу локалните власти и граѓаните.**<br><br>**Фидбекот од граѓаните ќе послужи за целите на подобар систем на интегритет со следење на мислењето на граѓаните исоодветно реагирање од страна на општинската администрација со цел подобра отвореност, транспареност и отчетност.** |
| **Краен датум** | **континуирано** |
| **Следни чекори** | **Продолжување со активностите**<br>**Оваа мерка е завршена со тоа што е воспоставена алатката „Отворена општина“ која овозможува подобрена интеракција помеѓу општините и граѓаните, и промовирање на транспарентност,** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **отвореност и отчетност на локално ниво** | | | |
| **Дополнителни информации /** | | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | | | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 8. Градење на капацитетите на граѓанските организации за следење на антикоруптивни практики на локално ниво преку истражување и ЛОТОС студија**<br><br>**Преку проектот ЛОТОС, Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) спроведе обука за седум истражувачи од различни граѓански организации кои делуваат на локално ниво, во поглед на користење на методологија за систематско следење на механизмите за транспарентност и отчетност на локално ниво. Истражувачите ја користеа оваа методологија за следење на спроведувањето на политиките за добро владеење во 43 општини во Македонија. Извештајот за резултатите од овој едногодишен мониторинг како прв систематски преглед на доброто владеење на локално ниво, ЦИКП го објави во мај 2015 година и беше презентиран пред претставници на општините и невладините организации.Линк до добиените резултати: lotos.crpm.org.mk/#/**<br>**Проектот ЛОТОС на ЦИКП е завршен и во четвртиот квартал не се превземени ниту предвидени дополнителни активности.** | | | |
| **Краен датум** | **/** | | | |
| **Следни чекори** | **/**<br>**Оваа мерка е завршена со завршување на ЛОТОС проектот и изготвената студија** | | | |
| **Дополнителни информации /** | | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | | | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 9. Дефинирање на опфатот на избраните и именуваните лица кои имаат обврска да достават анкетен лист за имотната состојба и изјава за интереси - подготовка на Регистар**<br><br>**Во Јуни 2015 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијатасо кој се утврдува надлежност на ДКСК за воспоставување и водење на Регистар на избрани и именувани лица. Целта на Регистарот е да се воспостави централна база на податоци на сите** | | | |

| | |
|---|---|
| | **избрани и именувани лица во Република Македонијаи нивно објавување на WEB страницата на ДКСК. Исто така Регистарот ќе овозможи и системска и континуирана проверка на имотот и интересите на избраните и именувани лица од страна на ДКСК.<br>ДКСК во јули 2015 година го усвои Образецот за податоци за избрани и именувани лица и Правилникот за содржината, формата и начинот на водење на Регистарот на избрани и именувани лица.<br>Во рамки на ИПА2010 Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата ", под Компонентата 6, ДКСК во соработка со експертите од Твининг партнерот од Германија спроведува активности за изготвување на софтверско решение за Регистарот на избрани и именувани лица.** |
| **Краен датум** | **2016** |
| **Следни чекори** | **Изготвување на ИТ решение за базата на податоци на Регистарот и WEB апликација за објавување на податоците од Регистарот на WEB страницата на ДКСК.<br><br>Оваа мерка е завршена. Изработено е софтверско решение за електронски регистер на избрани и именувани лица. Во тек се активности за внесување на податоци за избраните и именувани лица во базата на податоци на електронскиот регистар** |
| **Дополнителни информации /** | |

| **4. Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)** | |
|---|---|
| **Водечка агенција за спроведување** | **Министерство за финансии, Министерство за здравство, Секретаријат за европски прашања** |
| **Име на одговорно лице од агенција за спроведување** | **Љубица Јовчевска (МФ), Анка Георгиевска (МЗ), Александар Данаилов и Билјана Дријовска (БЈН), Џеладин Локмани (СЕП), Маријана Павловска (АСИПИ)** |
| **Назив, Одделение** | |

| | | |
|---|---|---|
| **Е-пошгта** | | **ljubica.jovceska@finance.gov.mk, anka.georgievska@zdravstvo.gov.mk, xheladin.Llokmani@sep.gov.mk, aleksandar.danailov@bjn.gov.mk, biljana.drijovska@bjn.gov.mk, mirce.mirkoski@bjn.gov.mk, goran.bogdanovski@bjn.gov.mk, marijana.pavlovska@investinmacedonia.com, gfilkov@ccc.org.mk, dantik@esem.org.mk, bpavlovski@esem.org.mk, blagica.korovin@sep.gov.mk** |
| **Телефон** | | |
| **Други Инволвирани учесници** | **Влада** | **Сите институции (во консултација со Бирото за јавни набавки), Агенција за странски инвестиции** |
| | **ЦСО, приватен сектор,работни групи,мултилатерали** | **Центар за граѓански комуникации<br>Центар за истражување и креирање политики<br>Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ<br>Институт за демократија-Социетас Цивилис - Скопје** |
| **Главна цел** | | **Унапредување на фискалната транспарентност** |
| **Краток опис на заложбата (макс 140 карактери)** | | **Публикување на буџетски документи во отворен формат<br>Објавување и наративно објаснување на реализацијата на здравствените програми. Објавување на стандардизирани информации за јавните набавки на интернет страните на договорните органи<br>Објавување на податоци за странски инвестиции и за странска помош кои обезбедуваат поголема транспарентност** |
| **Релевантност<br>Накратко опишете го начинот на кој оваа заложба е релевантна за понатамошно унапредување на вредностите на ОВП,<br>на пристап до информации, јавна одговорност, граѓанско учество, и технологија и иновации за отвореност и одговорност. (Детален опис на овие вредности е достапна во Забелешка за насоки во врска со Извештајот за ОВП)** | | **Релеватно е за зголемување на транспарентноста и отчетноста на институциите во однос на трошењето на јавните пари како и на транспарентноста на добиената странска помош и влезените странски инвестиции преку доближување на буџетските информации и на информациите за странската помош и странските инвестиции до пошироката јавност, како и поголема транспарентност на постапките за јавните набавки.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Амбиција**<br>**Накратко опишете ги планираните резултати за политика на посветеност и тоа како таа или ќе ја направи владата поотворена или ќе ја подобри Владата преку поголема отвореност.** | - **Континуирано публикување на буџетски документи во отворен формат.**<br>- **Континуирано објавување и наративно објаснување на реализацијата на здравствените програми.**<br>- **Континуирано објавување на стандардизирани информации за јавните набавки на интернет страните на договорните органи.**<br>- **Континуирано објавување на податоци за странски инвестиции и за странска помош кои обезбедуваат поголема транспарентност** | | | |
| | | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | | | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 1. Спроведување на иницијативата за отворен буџет**<br><br>**а) Министерството за финансии во јуни 2015 година го објави Буџетот на РМ за 2015 година во XML формат на својата официјална веб страна покрај во PDF форматот кој беше објавен на почетокот на годината. Исто така за прв пат во јули 2015 година во целосен облик е објавена Завршната сметка на Буџетот на РМ за 2014 година (покрај општиот дел објавен е и посебниот дел) која е достапна и во отворен формат. Во текот на ноември 2015 година во XML формат се објавени Измените и дополнувањата на Буџетот на РМ за 2015 година, додека во двата формата е објавен и Буџетот на РМ за 2016 година.**<br><br>**б) Активностите поврзани со подготовката на Граѓански буџет за 2015 година во Министерството за финансии беа отпочнати на почетокот на 2015 година и истите се приведуваат кон финална фаза. Паралелно, на почетокот на 2016 година Министерството за финансии започна иницијални активности за подготвување на Граѓански буџет за 2016 година.**<br><br>**в) Министерството за здравство во јули одржа состанок со претставници од Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ на кој е договорено Министерството за здравство до крај на август 2015 година да подготви прва верзија на извештајите за секоја здравствена програма кои потоа ќе бидат разгледани на заеднички состанок планиран за првата половина на** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | септември 2015 година. Досега во потполност се договорени извештајите за 8 програми, во тек е додефинирање на форматот за 3 програми, додека за 12 не се одржани состаноци и не се сеуште договорени извештајите. Имајќи предвид дека фактурите за програмите пристигнуваат и во првите месеци од 2016 година, пролонгиран е рокот за објавување на извештајите за март 2016 година. | | | |
| **Краен датум** | **Крајот на 2015 година** | | | |
| **Следни чекори** | **Министерството за финансии да објави Граѓански буџет за 2016 година**<br>**Министерството за здравство да ги објави извештаите за реализација на здравствените програми.** | | | |
| **Дополнителни информации : Мерката 1а) прерасна во пракса односно континуирано се реализира така што нема потреба од нејзино натамошно вклучување во ОП, додека мерките 1б) и 1 в) се пренесуваат во АП 2016-2018** | | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | | | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 2. Јавни набавки**<br><br>**Бирото за јавни набавки во јули 2015 година одржа состанок со Центарот за граѓански комуникации на кој учествоземаа и претставници од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Министерството за финансии, Град Скопје и ЕЛЕМ АД Скопје како поголеми договорни органи. На состанокот е договорено да им се препорача на сите договорни органи да овозможат пристап на своите веб страни за следните податоци од спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки:**<br>**-објавување на План за јавни набавки, како и на измените и дополнувањата на планот во текот на годината,**<br>**-објавување на огласот-поставување на линк до огласот кој е објавен на ЕСЈН,**<br>**-објавување на известување за склучен договор-поставување линк до известувањето на ЕСЈН, и**<br>**-објавување на известување за реализиран договор-пополнување на ваквото известување на ЕСЈН и поставување на линк за пристап до истото.**<br><br>**Бирото за јавни набавки ги испрати препораките до договорните органи, со цел веднаш по изработката на документите (Годишни планови) договорните органи да можат да ги објават и направат достапни** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **како за економските оператори, така и за јавноста. Препораката е прикачена и на веб страната на Бирото.** | | | |
| **Краен датум** | **Крајот на 2015 година** | | | |
| **Следни чекори** | | | | |
| **Дополнителни информации: Мерката така како што е дефинирана во целост е реализирана, а во АП 2016-2018 е вклучена нова мерка во делот на јавните набавки.** | | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | X | | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **Мерка 3. Странска помош и странски инвестиции**<br><br>**а) Надлежниот сектор за маркетинг и комуникации во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот во месец јули исконтактирало со Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ (ЕСЕ) и Центарот за граѓански комуникации со цел да договорат термин за состанок на кој би се дефинирало кои податоци за странски инвестиции ќе се објавуваат на нивната веб страна. И покрај посочување на датум и место на одржување на состанокот истиот не е одржан со оглед дека немало потврден одговор од Центарот за граѓански комуникации. Во ноември Агенцијата за странски инвестиции по маил побарала листа на документи од ЕСЕ и од Центарот за граѓански комуникации кои тие бараат да се објавуваат на веб страната на Агенцијата. Од ЕСЕ е доставена следната листа на податоци и информации: склучени договори помеѓу инвеститорите и РМ (примерок од секој склучен договор); информации за ослободувањата кои РМ ги има одобрено на инвеститорите (опис на типот на ослободување, период на ослободување, вредност на ослободувањето, колкав е износот на трошоци на Буџетот на РМ како резултат на одобрените ослободувања, итн.) и информации за трошоците од Буџетот на РМ за спроведување на промотивни активности за привлекување на странски инвестиции (вид на промотивни активности, опис на спроведувањето на промотивните активности, трошоци за спроведување на секоја од промотивните активности итн.). Листата ја поддржал и Центарот за граѓански комуникации. Агенцијата ќе ги разгледа барањата од аспект на нејзините законски надлежности и ќе иницира одржување на состанок со Здружението за еманципација, солидарност и** | | | |

| | |
|---|---|
| | еднаквост на жените во РМ (ЕСЕ) и Центарот за граѓански комуникации.<br><br>б) Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ (ЕСЕ) уште во јануари 2015 година до Секретаријатот за европски прашања на РМ достави барање за објавување на податоците во врска со средствата кои Министерството за здравство ги има добиено од Кралството Холандија преку ОРИО програмата во Централната база на податоци за странска помош на Владата на РМ (ова беше договорено на состанокот на работната група по приоритет 5 во јануари, 2015). Пребарана е архивата на Централната База на податоци за странска помош и утврдено е дека за истиот проект нема пристигнато барање за регистрација на проектот во ЦДАД базата, соодветно на тоа СЕП не е во можност да објави податоци на веб страната на ЦДАД базата за истиот. Секретаријатот за европски прашања и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ на 26 ноември одржале состанок, а согласно заклучокот број 1 од 99-та седница на Владата на РМ од 25.08.2015 година. На истиот било дискутирано за можностите за зголемување на транспарентноста на проектите финансирани со странска помош. Претставниците на СЕП објасниле дека важечките постапки не дозволуваат објавување на податоци за странска помош во Централната база без претходно барање за регистрација на проект од институцијата имплементатор. Односно во Централната база се објавуваат само податоци за проекти финансирани со странска помош добиена од земји донатори со кои е склучен договор во кој има клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки. Оттука Централната база содржи податоци само за проекти за кои имплементаторите поднеле Барање да бидат ослободени од јавни давачки.. Во моментов СЕП нема законска можност односно не постои законски механизам да ги обврзе јавните институции да доставуваат податоци и барања за регистрација на проекти финансирани со странска помош. Секретаријатот за европски прашања на својата веб страна ги објавува Проектните фишеа (ИПА1) и сите други програмски и акциски документи од ИПА 2, веднаш штом се одобрат со Одлука од страна на |

| | |
|---|---|
| | Европска комисија. Дополнително, обезбедени се линкови кои водат директно на порталот на Европска комисија со цел да се задржи целосна транспарентност на процесот. Министерството за финансии - ЦФЦД согласно регулативата на веб страната го објавува контракт регистерот на сите досега склучени договори преку децентрализираниот систем, додека ДЕУ на својата страна го објавува контракт регистерот на сите договори склучени преку ДЕУ. |
| Краен датум | Крајот на 2016 година |
| Следни чекори | Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот согласно заклучокот број 2 од 99-та седница на Владата на РМ одржана на 25.08.2015 година да одржи состанок со ЕСЕ и Центарот за граѓански комуникации за да ја дефинираат листата на документи кои е потребно да се објавуваат на веб страната на Агенцијата.<br>СЕП да ги разгледа можностите за објавување на финансиски и програмски податоци за сите проекти финансирани со средства добиени од странска помош координирана од страна на СЕП на официјалната веб страна на институциите каде како имплементатори и корисници се јавуваат државни и јавни институции во РМ и за тоа да ја извести работната група. |
| Дополнителни информации: Мерките така како што беа дефинирани не се реализираа од причина што не се постигна договор помеѓу инволвираните владини институции и организации од граѓанскиот сектор. Во новиот АП 2016-2018 се вклучени нови мерки кои се однесуваат на странската помош. | |

| 6. Отвореност на локално ниво | | |
|---|---|---|
| Водечка агенција за спроведување | | Министерство за локална самоуправа |
| Име на одговорно лице од агенција за спроведување | | Ели Чакар |
| Назив, Одделение | | Државен советник за комуникација на политиките на министерството |
| Е-пошгта | | elicakar@gmail.com |
| Телефон | | 071 226 415 |
| Други Инволвирани учесници | Влада | Министерство за информатичко општество и администрација,<br>Дирекција за заштита на лични податоци,<br>Комисија за слободен пристап до информации од |

| | | |
|---|---|---|
| | | **јавен карактер,<br>Општини<br>Комисија за слободен пристап до информации од јавен карактер<br>Дирекција за заштита на лични податоци** |
| | **ЦСО, приватен сектор,работни групи,мултилатерали** | **Заедница на единиците на локалната самоуправа.,<br>УНДП<br>Единица за координатор на Форумите,<br>Центар за истражување и креирање на политики<br>Центар за граѓански комуникации,<br>Здружение за развој на ромската заедница во Република Македонија, СУМНАЛ,<br>Центар за европски развој и интеграција-Битола<br>Едукативно-хуманитарна организација – Штип,<br>Грин-Пауер-Велес<br>Институт за економски стратегии и меѓународни односи-Охрид<br>Институт за демократија-Социетас Цивилис-Скопје<br>Фондација за интернет и општество-Метаморфозис** |
| **Главна цел** | | **Поттикнувачка и овозможувачка околина на локално ниво (изградени административни капацитети во општините и развиени процедури и иновативни алатки) за поедноставен и предвидлив пристап до информации од јавен карактер, институционализирани начини за комуникација и консултација со граѓаните, како и креирани минимум стандарди за транспарентност за сите општини.** |
| **Краток опис на заложбата (макс 140 карактери)** | | **Да се зајакнат административните капацитети и да се развијат механизми и иновативни алатки за добро управување, заради обезбедување на транспаренрност, отчетност, партиципативност и инклузивост на локално ниво.** |
| **Релевантност<br>Накратко опишете го начинот на кој оваа заложба е релевантна за понатамошно унапредување на вредностите на ОВП,<br>на пристап до информации, јавна одговорност, граѓанско учество, и технологија и иновации за отвореност и одговорност. (Детален опис на овие вредности е достапна во Забелешка за насоки во врска со Извештајот за ОВП)** | | **Процесот на децентрализација во Република Македонија е заокружен со трансфер на голем број суштински надлежности на локално ниво. Своите основни животни и социјални потреби, граѓаните ги остваруваат во општината. Од тие причини неопходно е да се создадат услови кои ќе ги поттикнат граѓаните да се вклучат во процесите на донесување на одлуки на локално ниво преку поголема отвореност на општината(информирање, комуникација и консултација на граѓаните од страна на локалните власти).<br>Во изминатата деценија акцентот беше ставен на зајакнување на капацитетите за испорака на услугите, како и на обезбедување на соодветни извори на финансирање. Врз основа на направените анализи и истражување на перцепцијата на граѓаните, во Програмата за оддржлив локален** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | развој и децентрализација 2015-2020 се нагласува потребата од охрабрување на граѓанското учество во одлучувањето за прашања од локална надлежност, градење партнерства меѓу локалната власт и граѓанското општество, имплементирање на заеднички проекти.<br>1.Една од специфичните цели е партиципативното владеење на<br>локално ниво, а активностите кои се поттикнуваат за оваа цел се<br>воспоставување на инструменти за поттикнување на соработката меѓу ЕЛС играѓанскиот сектор, воспоставување на соодветни административни<br>структури на локално ниво за водење на консултативните процеси,<br>зајакнување на капацитетите на ЕЛС за воспоставување на процедури за спроведување на консултативен процес. | | | |
| **Амбиција**<br>Накратко опишете ги планираните резултати за политика на посветеност и тоа како таа или ќе ја направи владата поотворена или ќе ја подобри Владата преку поголема отвореност. | 1.Дефинирање на минимум стандарди за транспарентност на локално ниво,<br>2.Институционализирање на комунокацијата на локалните власти со граѓаните со користење на нови иновативни форми.<br>3Развивање на нови институционални форми на соработка на локалните власти со граѓаните (ГО)<br>4. Воведување процедури и нови алатки за спроведување на задолжителен процес на консултација на граѓаните.<br>5.Трансформирање на дел од локалните услуги во е-услуги, заради поголема ефикасност, транспартентност и оттчетност.<br>6.Зајакнување на административните и техничките капацитети на локално ниво заради обезбедување на поголема отвореност и отчетност кон граѓаните. | | | |
| | | | | |
| **Ниво на проект** | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| | | | | |
| **Опис на резултатите**<br>Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект. | 1.Развој на капацитети на локално ниво за проактивна комуникација со граѓаните<br>• Направен е избор на последните 10 општини во рамките на Програмата Форуми во заедниците. Со оваа Програма се опфатени 2/3 од општините во Република Македонија или сите кои што покажале интерес и се јавиле на јавните повици. Некои од општините на сопствена иницијатива и врз основа на критериумите што ги исполниле во | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Програмата учествувале и по неколку пати. Како резултат на Програмата Форуми во заедниците најголемиот број на општини во Република Македонија, општинската администрација и граѓанскиот сектор имаат изградено капацитети за организирање и спроведување на партиципативен процес, по примерот на моделот што го испорачува оваа Програма која што ја финансира Швајцарската агенција за развој. Во рамките на Програмата Форуми во заедниците овој месец е организирана обука за локалната администрација за презнтирање на локалниот буџет и локалните финансии на едноставен и на начин разбирлив за граѓаните. Програмата завршува со затворањето на консултативниот процес во последните избрани 10 општини. | | | |
| **Краен датум** | **Јуни 2016** | | | |
| **Следни чекори** | **Активности во правец на зајакнување на капацитетите за организирање на консултативен процес на локалната самоуправа и на граѓанските организации се планирани и во рамките на мерките предвидени во 3-тиот Акциски план за ОВП.** | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | | | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **2.Воспоставување на електронска платформа (dashboard) со показатели (индикатори) за буџетот и испорачувањето**<br>• **1.Активноста во целос ќе се реализира во рамките на Проектот Зајакнување на капацитетите на Советите на општините, проект на УНДП, подржан од страна на Швајцарската Агенција за развој, во рамките на 3-тиот акциски план. Подготвено е софтверско решение и се прават анализи за кои информации од работењето на локалните власти граѓаните се најзаинтересирани или пак имаат потреба да им бидат достапни на овој начин.** | | | |
| **Краен датум** | **Јуни 2016** | | | |
| **Следни чекори** | **Мерката во целост ќе се реализира во рамките на 3-тиот Акциски план.** | | | |
| **Дополнителни информации Оваа мерка продолжува во АП 2016-2018 како 6.2.Воспоставување на нови алатки за подобрување на финансиската транспарентност и отчетност на ЕЛС** | | | | |
| | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ниво на проект** | | | | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **3. Воспоставување на институционални форми на соработка на локалните власти со граѓаните (ГО) заради испорака на квалитетни услуги,**<br>• **Во фаза на склучување се Договорите меѓу општините од Полошкиот и од Југозападниот плански регион за воспоставување на две нови Мрежи за инклузивен развој, со што Мрежи за инклузивен развој ќе има воспоставено во 5 плански региони. Најдобра пракса е забележана во Вардарскиот плански регион, како резултат на што, со подршка на УНДП се организирани различни манифестации за млади, од областа на туризмот и за лица со посебни потреби. Во повеќе општини се изградени лифтови и пристапни рампи за лица со попреченост и во целост е адаптиран објект за потребите на граѓанските организации од општина Велес и од Вардарскиот плански регион.** | | | |
| **Краен датум** | **Јуни 2016** | | | |
| **Следни чекори/** | | | | |
| **Дополнителни информации/** | | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | | | |
| **Опис на резултатите**<br>**Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акциониот план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **4.Трансформирање на дел од локалните услуги во е-услуги**<br>• **Подготвена е Студија за Е-услуги на локално ниво.** | | | |
| **Краен датум** | **Јуни 2016** | | | |
| **Следни чекори** | • **Дизајнирање на интерактивни веб решенија.**<br>• **Евалуација на степенот на ефикасност и ефективност во поглед на подготовката и испораката на услугите од квантитативен и квалитативен аспект.** | | | |
| **Дополнителни информации Оваа мерка продолжува во АП 2016-2018 како 6.8. Подобрување на комуналните услуги на локално ниво** | | | | |
| **Ниво на проект** | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | | | |
| **Опис на резултатите** | **5.Партиципативно креирање политики на локално** | | | |

| | |
|---|---|
| **Се вклучуваат специфични активности во рамките на периодот на известување (прва или втора година од Акционият план) и, каде што е можно, Ве молиме наведете дали имало докази дека граѓаните ја применуваат заложбата или дека заложбата има ефект.** | **ниво - креирање на процедури за спроведување на задолжителна консултација и користење на иновативни алатки**<br>• **Преку организирање на 95 форумски сесии, во 59 општини, општинската администрација имала можност да спроведе широк консултативен процес за утврдување на буџетските или проектните приоритети. Форумите во заедниците се прифатен модел за консултација во 57 општини.** |
| **Краен датум** | **Континуирано** |
| **Следни чекори** | **Креирање на стандарди за транспарентност на локално ниво**<br>**Подготовка на процедури за спроведување на консултативен процес** |
| **Дополнителни информации Оваа мерка продолжува во АП 2016-2018 како 6.3 Подобрување на функционалноста на институционалните механизми за консултација на локално ниво** | |

**Табела 2 . Збирен приказ на ниво на реализација за секој поединечен приоритет од Акцискиот план 2014-2016 година**

**Од вкупно 43 мерки од акцискиот план за кои е започната имплементација, 23 мерки се целосно завршени и означени со сина боја, 10 имаат значително и 3 ограничено ниво на реализација а нивната реализација ќе продолжи во третиот национален Акцискиот план за отворено владино партнерство 2016-2018 година - означени со зелена боја, додека 4 мерки со значително и 3 со ограничено ниво на реализација преставуваат мерки кои по својата природа се одвиваат континуирано и активностите поврзани со нив ќе продолжат и во следниот период како редовни надвор од Акцискиот план за отворено владино партнерство.**

| **ПРИОРИТЕТ И МЕРКИ** | **НИВО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | | | | **СТАТУС** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **НЕЗАПОЧНАТО** | **ОГРАНИЧЕНО** | **ЗНАЧИТЕЛНО** | **ЗАВРШЕНО** | |
| **01.М1 Усовршување на порталот ЕНЕР и оптимизација на процесот на консултација со јавноста** | | | | | **завршено** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **01.М2 Зајакнување на правилата за работа и користење на ЕНЕР** | | | | | **завршено** |
| **01.М3 Објавување на резултати за користење на ЕНЕР- „Огледало на Владата** | | | | | **продолжува во НАП 3** |
| **01.М4 Следење на отвореност на Владини институции во процесите на креирање политики и подготовка на закони „ Огледало на Владата: учество на јавноста во процесите на подготовка на закони “** | | | | | **продолжува во НАП 3** |
| **01.М5 Градење на капацитетите на граѓанските организации за мониторинг на спроведувањето на политиките** | | | | | **завршено** |
| **01.М6 Подигнување на свеста за придобивките од отворено владино партнесрство** | | | | | **завршено** |
| **01.М7 Поголема јавна свест и користење на партиципативното креирање на политики преку интернет порталот е-демократија од страна на институциите, фирмите, коморите, граѓанското општество и граѓаните** | | | | | **завршено** |
| **01.М8 Формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор составен од претставници на Владата, органите на државна управа и граѓански организации** | | | | | **продолжува во НАП 3** |
| **01.М9 Унапредена примена на Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики** | | | | | **продолжува во НАП 3** |
| **01.М10 Имплементација на мерките од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) и навремено ажурирање на веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации** | | | | | **продолжува во НАП 3** |
| **02.М1 Отворени податоци од органите и институциите од јавниот сектор согласно нивните технички можности кои ги создаваат во вршењето на своите надлежности кои ќе ги направат достапни за користење** | | | | | **Конитинуирано/ надвор од АП за ОВП** |
| **02.М2 Утврдување на техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на објавување на истите ги утврдува Министерот за информатичко општество и администрација.** | | | | | **завршено** |
| **02.М3 Формирање на Централен каталог на податоците од јавниот сектор објавени за користење врз основа на каталог на податоци од органите и институциите од јавниот сектор на www.otvorenipodatoci.gov.mk** | | | | | **Конитинуирано/ надвор од АП за ОВП** |
| **02.М4 Воспоставување на датабаза за контакт лица во органите и институциите од јавниот сектор каде се определува лице задолжено за техничко** | | | | | **завршено** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **прилагодување и објавување на податоците за нивно користење, нивно објавување на веб страната на органот и за обврските за ажурност на каталогот на податоци на www.otvorenipodatoci.gov.mk** | | | | | |
| **02.М5 Воспоставување можност за доставување барање од заинтересирани страни за нови податочни сетови за користење** | | | | | **завршено** |
| **02.М6 Воспоставување на платформа за вкрстување на податоците (пилот 11 институции)** | | | | | **завршено** |
| **02.М7 Обуки за спроведување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор** | | | | | **завршено** |
| **03.М1 Подигање на свеста кај јавноста за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер преку креирана и спроведена медиумска презентација и едукативна кампања** | | | | | **завршено** |
| **03.М2 Едукација на службените и одговорните лица кај имателите на информации** | | | | | **завршено** |
| **03.М3 Изработка на нова веб локација на Комисијата** | | | | | **завршено** |
| **03.М4 Редовно објавување и ажурирање на Листа на информации кај имателите** | | | | | **Конитинуирано/ надвор од АП за ОВП** |
| **03.М5 Достапност на сите информации од јавен карактер на веб локациите на имателите** | | | | | **Конитинуирано/ надвор од АП за ОВП** |
| **03.М6 Унапредување на финансиските и човечките ресурси на Комисијата** | | | | | **завршено** |
| **03.М7 Зголемување на соработката на Комисијата со Здруженијата на граѓани и фондации и со Општините во Р.М. Преку меморандуми за соработка** | | | | | **Конитинуирано/ надвор од АП за ОВП** |
| **03.М8 Објавување на информации за буџетска и програмска имплементација на здравствените буџети, со посебен фокус на буџетската и финансиската имплементација на превентивните програми на Министерството за здравство, добиени преку постапка за пристап до информации од јавен карактер. www.esem.org.mk** | | | | | **завршено** |
| **03.М9 Изменување и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации до јавен карактер** | | | | | **Конитинуирано/ надвор од АП за ОВП** |
| **03.М10 Формирање меѓуресорска работна група за утврдување на усогласеноста на Конвенција на Советот на Европа за пристап до јавните документи и утврдување на националните законски услови за пристапување кон оваа конвенција** | | | | | **Конитинуирано/ надвор од АП за ОВП** |
| **04.М1 Донесување на законски измени** | | | | | **завршено** |
| **04.М2 Спроведување на активности за подигање на свеста на јавната администрација и граѓаните за пријавување на корупција и друго незаконито и** | | | | | **продолжува во НАП 3** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| недозволиво постапување | | | | | |
| 04.М3 Воведување на насоки на системот на интегритет и нивно натамошно пилотирање во општините и институциите на централно ниво | | | | | продолжува во НАП 3 |
| 04.М4 Дефинирање на методологија за проценка на ризици од корупција како надградба на концептот на интегритет | | | | | завршено |
| 04.М5 Изготвување на методологија за следење на напредокот на воведувањето на системите на интегритет (индекс за интегритет) за единиците на локалната самоуправа | | | | | продолжува во НАП 3 |
| 04.М6 Изготвување на методологија за следење на напредокот во воведување на системите на интегритет од страна на граѓанското општество | | | | | 2016/носител на мерка ГО, не беа преземени активности за за воспоставување на методологија и систем на интегритет |
| 04.М7 Континуирано промовирање на примената на ИТ алатки за општествена одговорност во општините и други институции | | | | | завршено |
| 04.М8 Градење на капацитетите на граѓанските организации за следење на антикоруптивни практики на локално ниво преку истражување и ЛОТОС студија | | | | | завршено |
| 04.М9 Дефинирање на опфатот на избраните и именуваните лица кои имаат обврска да доставaт анкетен лист за имотната состојба и изјава за интереси - подготовка на Регистар | | | | | завршено |
| 05.М1 Спроведување на инцијативата за отворен буџет | | | | | продолжува во НАП 3 |
| 05.М2 Јавни набавки | | | | | Крајот на 2015 година |
| 05.М3 Странска помош и странски инвестиции | | | | | продолжува со нови мерки во НАП 3 |
| 06.М1 Развој на капацитети на локално ниво за примена на механизми за проактивна комуникација со граѓаните | | | | | Континуирано |
| 06.М2 Воспоставување на електронска платформа (dashboard) со показатели (индикатори) за буџетот и испорачувањето на локални услуги | | | | | продолжува во НАП 3 |
| 06.М3 Воспоставување на институционални форми на соработка на локалните власти со граѓаните (ГО) заради испорака на квалитетни услуги | | | | | завршено |
| 06.М4 Трансформирање на дел од локалните услуги во е-услуги | | | | | продолжува во НАП 3 |
| 06.М5 Партиципативно креирање политики на локално | | | | | продолжува во |

| ниво | | | | | НАП 3 |
|---|---|---|---|---|---|

5. **Заклучок, други иницијативи и следни чекори**

**Во целина како заклучок добро е да се потенцира дека сме задоволни на кој начин беше развиен и како се имплементираа мерките од Акцискиот план за Отворено владино партнерство за 2014-2016 година. Искуството стекнато од првиот акциски план, препораките од независниот механизам за известување, директниот контакт со претставниците на граѓанскиот сектор и вклученоста на релевантните владини институции овозможија да ја унапредиме нашата работа.**

**Финалната самооценка покажа дека има значаен напредок во постигнување на целите утврдени во акцискиот план. Во спроведувањето на заложбите утврдени во вториот Акциски план за Отворено владино партнерство за 2014-2016 година освен Владата, како што беше спомената во воведот, активно учество земаа голем број на граѓански организации, преку рамноправно учество во работните групи формирани за таа цел. Со имплементација на планот беа преземени голем број активности за градење на партнерски однос со претставниците на граѓанскиот и приватниот сектор во обликување на националните политики и креирање на националното законодавство, стратегии и инцијативи. Освен имплементацијата на стратешките документи, беа отворени и унапредени интерактивните веб портали за олеснување на процесот на консултација, за поголема транспарентност и можност за креирање форуми за размена на ставови и мислења. Ваквиот пристап секогаш продуцира добри резултати и поквалитетно законодавство, па оттука висок приоритет во наредниот период останува подобрувањето на механизмите кои овозможуваат унапредување на процесот на консултација и соработката со граѓанскиот сектор. Исто така, се воведе законско регулирање на заштитата на лицата што пријавуваат сомнежи за незаконско и недозволиво постапување, со што се обезбеди системска институционална заштита на укажувачите. Понатамошен предизвик останува унапредувањето на отвореноста на институциите од централно и локално ниво преку темелно вклучување на јавноста во креирање на политиките на добро владеење, интегритет и превенција на ризиците за корупција.**

**Во Република Македонија денес, постои законодавство со кое се гарантира пристапот до информации а институциите објавуваат широк спектар на информации на своите веб портали со што отвореноста кон граѓаните и компаниите не изостанува. Се воведоа отворените податоци и се овозможија**

**механизми за приоретизирање на отворените податоци согласно потребите на граѓаните и компаниите, но секако ова останува највисокиот приоритет на Партнерството имајќи во предвид дека во следните две години ќе се креираат стандарди за отворени податоци и дефинирање на лиценци за отворени податоци и нивно поставување на порталот за отворени податоци.**

**Во делот на ефикасното управување со јавните ресурси посебно внимание се посвети на зголемување на транспарентноста и отчетноста на институциите во однос на трошењето на јавните пари преку публикување на буџетски документи во отворен формат, објавување и наративно објаснување на реализацијата на здравствените програми и објавување на стандардизирани информации за јавните набавки на интернет страните на договорните органи. Заложбите за унапредување на фискална транспарентност остануваат во фокусот и во наредниот период.**

**Имајќи во предвид дека во моментот на подготовка на овој извештај, во широк консултативен процес е изготвена првата верзија на националниот Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година, може да кажеме дека истиот се темели на постигнувања, наодите и искуства од вториот акциски план и препораките од независниот механизам за известување и преставува своевидно продолжување во напорите за унапредување на отвореноста, транспарентноста, сигурноста и ефикасноста на владините институции. Врз основа на позитивните искуства од имплементација и следење на заложбите од вториот акциски план. Следењето и имплементацијата на третиот акциски план ќе се врши преку воспоставениот систем на работни групи по соодветни приоритетни области, во кој има застапеност на сите релевантни чинители од владините и граѓанските организации.**

**Искуствата од досега спроведените планови и постигнатиот степен на транспарентност, отеченост и одговорност на јавните институции кон граѓаните преставуваат основи за нови заложби на Владата на Република Македонија за пресретнување на секојдневните предизвици, потреби и очекувања на граѓаните и тоа преку тесна соработка и партнерство со граѓанските организации.**